**Приватна непрофитна високообразовна установа**
**самостојна висока стручна школа**
**Бизнис академија Смилевски – БАС**
**Скопје**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ НА БАС ВО 2020 ГОДИНА

**Јануари, 2021, Скопје**

Согласно член 117 став 5 од Законот за високо образование (Службен весник на Р.М. бр.82/18), Заменик директорот и директорот на Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје на ден 20.01.2020 година до основачите и Наставничкиот совет на БАС го доставуваат следниов

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ НА БАС ВО 2020 ГОДИНА

## Вовед

Извештајот за работата на директорот на Бизнис академија Смилевски – БАС ги опфаќа преземените активности и мерки, како и забележените остварувања од страна на БАС во текот на 2020 година.

Извештајот за работата на директорот на БАС се базира на рефлексија на евидентираните настани, активности кои беа предвидени во развојните приоритети на БАС за 2020/21 година, годишната работа на БАС за 2020 година, но и на оние кои непланирано произлегоа како приоритети на БАС согласно пандемијата со Ковид 19.

За 2020 година може да се каже дека беше година на прилагодување кон промените предизвикани со пандемијата Ковид 19. Сепак согласно со досегашниот начин на работа на БАС, посебно во делот на наставата може да се констатира дека БАС лесно се прилагоди кон новонастанатата ситуација брзо продолжи со непречена работа. Промената беше лесна и за наставниот кадар, затоа што истиот има долгогодишно искуство од примена на платформата Moodle.

Остварувањата на директорот за 2020 година се прикажани по подрачја, согласно сродноста на активностите кои при тоа се презедоа.

Во периодот од 01 јануари до 23 септември 2020 година, Функцијата директор ја презеде заменик директорот, проф. д-р Лидија Стефановска, се до завршување на породилното отсуство на директорката проф. д-р Даниела Карадаков која од 23 ти септември ги презеде активностите на оваа функција.

## Студиски програми

Согласно со добиените акредитации и дозволите за работа во 2019 година за студиските програми по Бизнис менаџмент на прв циклус на студии и Стратегиски менаџмент на втор циклус ан студии, БАС во 2020 година бележи иницијативи за нова студиска програма, за која е спроведено пилот истражување од страна на БАС Институтот за менаџмент Битола за заинтересираноста кај средношколците за овој вид на студиска програма, како и реални потреби на пазарот на трудот. Станува збор за

истражување на тема „Интересот кај младите и возрасните за студирање  и работење во ерата на дигитализација и сајбер заштита". Предизвикот за креирање на студиски програми за подготовка на идни менаџерски кадри во оваа областа е во согласност со соработката со Универзитетот Милтон Фридман од Будимпешта. Иницијалните почетоци се направени, останува на следното раководство да ги процени можностите и потребите за овој предизвик.

Согласно постојните студиски програми, во април 2020 година, БАС објавува конкурс за запишување на студенти во студиската 2020/2021 година на новите студиски програми на прв и втор циклус на студии.

## Правилници и други подзаконски акти

Во 2020 година направени се ревидирања (пречистен текст) на неколку правилници.  Правилниците се подготвени согласно Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/18),согласно Статутот на БАС, како и согласно потребите за работа на БАС.

Извршено е дополнување, ревидирање и донесување на:

- Правилник за стручно и професионално усовршување и стручно образование пократко од три години на БАС;
- Правилник за единствен кредит трансфер систем и премин од една на друга студиска програма односно од една на друга високообразовна установа;
- Правилник за плати додатоци, надоместоци и други примања на вработените и соработниците на БАС.

Подготвени и донесени се и:

- Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и деловните функции на БАС и
- Правилник за вршење на стручните и административните работи на БАС.
- Усвоени се стратегиските приоритети на БАС за 2020/2021 г.;
- Усвоени се акциските планови за спроведување на развојните приоритети на БАС за 2020-2021 година;
- Изготвена е четвртата Самоевалуација, усвоена е и еден примерок е пратен до секторот за високо образование при МОН;
- Подготвена и усвоена е Годишната програма за работа на БАС за 2020 година;
- Донесена е Одлука за за работа на БАС во вонредни услови, за време на пандемијата со Ковид 19;
- Донесена е Одлука за изведување на наставниот процес во вонредни услови, за време на пандемијата со Ковид 19;
- Донесена одлука за полагање на испити и колоквиуми со помош на користење на електронските алатки zoom I big blue button;
- Продолжена е јунската сесија;

- Донесена е одлука за проверка на знаењето на студентите на Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје во јунска испитна сесија;
- Донесена е одлука за комбиниран модел на настава за реализација на наставата во студиската 2020/2021 година. Согласно промените во епидемиолошката состојба со пандемијата, оваа одлука се промени. Спроведената промена се однесуваше на целосно пристапување кон onine настава.
- Донесена и спроведена е одлука за електронско пријавување на испити во време на пандемиски услови.

## Број на запишани студенти на прв и втор циклус на студии и број на испишани студенти во 2020 година

За студиската 2019/2020 година, согласно студиските програми, БАС во конкурсот имаше предвидено 85 слободни места за запишување на студиската програма по Бизнис менаџмент на прв циклус на студии и 42 слободни места за запишување на студиската програма по Стратегиски менаџмент на втор циклус на студии.

Оваа студиска 2020-21 година вкупниот број на запишани студенти на прв и втор циклус се 106. ***Во однос на претходната 2019-20 бројот на запишани студенти се зголеми за 16%. Ис***то во периодот од октомври до декември 2020 година се вклучија и 5 курсисти (4 во Битола и 1 во Скопје). Со тоа вкупниот број изнесува 111.

На прв циклус се запишаа вкупно 64 студенти и тоа 33 редовни студенти ( 23 во Битола и 10 во Скопје) и 31 вонреден (18 во Битола и 13 во Скопје.) Со тоа се пополни 83% од вкупниот број на предвидени студенти за прв циклус според конкурсот.

На втор циклус по Стратегиски менаџмент вкупно се запишаа 42 студенти од кои 33 во Битола, а 9 во Скопје, а со тоа 100% се пополни бројот на студенти на втор циклус според конкурсот.

***Во генерална смисла на зборот може да се каже дека оваа година е постигнато значително зголемување на бројот на запишани студенти на прв и втор циклус на студии.***

Ваквото значително зголемување на бројот за запишани студенти се должи на:

- Зголеменото ангажирање на вработените во запишување на студентите;
- Тимската работа на тимот за промоција и продажба и менаџментот во сите фази на подготовка и реализација на уписите;
- Засилената промотивна и продажна кампања;
- Поставување на рок за завршување на студиите од прв циклус;
- Систематското водење на евиденција од претходните години за заинтересираните потенцијални студенти и нивно контактирање;

- Упис на студенти со реализацијс на ран упис, стипендии во два циклуси, промотивен попуст за редовните студенти, организациски пакети, партнерски организации, членови на семејства, наши додипломци и др.;
- Посебен успех се постигна со промовирањето и фокусирањето на уписи преку организациски пакети;
- Активирање на контактите од претходно воспоставените соработки со средните училишта и реализацијата на БАСТИОН;
- Учество на нашите соработници и студенти во промотивните и продажните активности.

Со цел да се пополнат слободните места за студирање на прв циклус на студии на студиската програма по Бизнис менаџмент, во ноември 2020 година објавен е конкурс за запишување на студенти на прв циклус во студиската 2020/2021 година до второ затворање на матична книга на запишани студенти. Конкурсот е отворен заклучно до 03.02.2021 година.

Во календарската 2020 година од БАС се испишале вкупно 3 (тројца) студенти.

## Број на дипломирани студенти на прв и втор циклус на студии

Во текот на 2020 година на прв циклус на студии дипломираа 76 студенти, а на втор циклус на студии дипломира 31 студент. За дипломираните студенти од 2018 и 2019 година предвиденото свечено доделување на дипломи не се реализира, согласно состојбите со пандемијата, но студентите сепак според сите протоколи за заштита на здравјето и според претходно востановен распоред за подигнување на дипломите. истите ги подигнаа.

## Развојни приоритети на БАС за 2020/21 година

Развојните приоритети на БАС за 2020/21 година се предложени од страна на ПИМ тимот, доработени на обуката во Охрид во февруари 2020 година, а се усвоени од страна на НС на БАС. Во развојните приоритети се бележат повеќе приоритетни области и носители на активностите:

- БРЕНДИРАЊЕ, ПРОМОТИВНА И ПРОДАЖНА КАМПАЊА 2020/21
  Носител: проф. д-р маја Кочоска

- НОВИ (АТРАКТИВНИ) СТУДИСКИ ПРОГРАМИ (вклучувајќи и Еразмус)
  Носител: пред. м-р Иван Ѓоргиевски

- АПЛИКАТИВНИ ПРОЕКТИ
  Носител: Тони Соклевски

- СТУДИИ НА ДАЛЕЧИНА И ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СПОРТИСТИ
  Носител: Гордана Тасевска

- ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА И ВНАТРЕШНА (РЕ)ОРГАНИЗАЦИЈА НА БАС
  Носител: Цветко Смилевски

- АКТИВНО ПАРТНЕРСТВО СО БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА
  Носител: Ненад Дафинчевски и Таип Јакупи

Исполнувањето на поставените цели по приоритетни области во генерална смисла на зборот бележи разноликот по одредени подрачја. Дел од целите беа ставени на „чекање“ заради ситуациајта со пандемијата, а дел од нив можеа да бидат исполнети.

Во делот на реализирани активости се бележат:

1. Утврден е буџетот за маркетинг активности;
2. Направен е план по месеци за реализација на маркетинг активности за 2021 година со утврден буџет за истите;
3. Направен е тим за маркетинг активности од двете локации кој се состанува еднаш неделно;
4. Се подготвува драфт верзија за натпреварот за стипендии;
5. Почнати се преговори со маркетинг агенција за стратегиски пристап кон маркетинг активностите со цел подигнување на видливоста на БАС.
6. Развој на студиската програма за IT and cyber security management односно дигитален бизнис менаџмент;
7. Реализирана третата фаза на проектот БАСТИОН во СОЗУ Кузман Шапкарев од Битола до крајот на 2020 година.
8. Аплицирани проекти на програмата ИПА Р.Грција и др.соседни земји.
9. Донесена е истражувачката програма „Дигитализацијата како организациски и менаџерски предизвик“, изработена е теоретската рамка и изведбените истражувачки проекти заедно со почетните теренски истражувања од вработените на БАС, носители на истите;
10. Разговор со претставници на следниве здруженија: Центар за церебрална парализа - Прилеп и Клуб за телесни инвалиди - Прилеп. Во периодот што доаѓа ќе се разговара за склучување на Меморандум;
11. Разговор со наши соработници од регионот на Струмица и запишан кандидат на далечина;
12. Редефинирани надлежности на директорот според ЗВО и генералниот менаџер како носител на интерната бизнис функција на внатрешната организација;
13. Дефинирана хиерархиската и временската отчетност на секоја работна позиција и посебна организациска функција;
14. Ревидирани сите нормативни акти од аспект на нивната функционалност и усогласеност со новата организациска поставеност;

15. Дефинирани критериуми за вонnаставно и вонинституционално ангажирање на академскиот кадар на БАС.
16. Реализирани, Манџерски муабети 3.

Делот на наисполнети цели од пеиоритетниоте области се прикажани во делот Незавршени активности на овој Извештај.

## Натпревар за стипендии

Беа реализирани два натпревари за стипендии кои беа реализирани целосно онлајн. Првиот натпревар беше „Младински предизвик/натпревар за стипендии“, а вториот беше „Онлајн бизнис во време на COVID-19“.

Вториот предизвик беше реализиран, поради недоволниот број на студенти кои ги прифатија стипендиите од првиот предизвик. Како резултат на двата предизвици во Скопје се запишаа 2 студенти, а во Битола 6 студенти. Оваа година резултатот на понудени во однос на прифатени стипендии беше послаб за разлика од претходните години.

## Стипендирање на БАС студенти од МОН

Во 2020 година стипендија од Министерството за образовани и наука добија вкупно 11 (единаесет) студенти и тоа од Скопје 3 (тројца) студенти, а од Битола 8 (осум) студенти. Во споредба со ланската година кога беа доделени пет стипендии, може да се констатира дека оваа година има повеќе од дуплиран број на студенти кои добиле стипендија.

## Практична настава

Практичната настава во текот на 2020 година се одвиваше во пандемиски услови кои настанаа веднаш по започнување на летниот семестар од студиската 2019-2020 година. Праксата за тој семестар, како и летната феријална пракса не беа реализирани или пак беа реализирани од мал број студенти и тоа половично. Летната феријална пракса со одлука на НС на БАС беше заменета со изработка на дневник за реализирани активности.

Зимскиот семестар во студиската 2020-2021 година исто така помина во пандемиски услови, но праксата беше реализирана во најголем дел. Програмата за бизнис лабораторија првично предвидуваше реализација на практичната настава преку дискусии и гости менаџери. На иницијатива на директорот на БАС, направена е промена на програмата со креирање на онлајн кооперативно-конкурентски игри со цел да се исполни вистинската намера на таа програма. Студентите од втора и трета

година реализраа практична настава во ПО придржувајќи се кон пропишаните мерки за заштита.

Во тековната 2020 не беа воспоставени нови спогодби за практична настава.

Според Развојната стратегија на БАС беше предвидено да се склучуваат по 3 нови договори за ПО на двете локации, но пандемијата од Covid-19 го спречи тоа. Беа договарани активности, особено со зоната на стопанственици во Визбегово, но се беше стопирано поради короната.

Во Скопје, поради малиот обем на групите, моменталниот број на ПО е доволен.

## Настава и наставен кадар

Во рамките на 2020 година, БАС нема направено промени во однос на бројот и напредокот во звање на кадарот, споредбено со 2019 година. Со актуелниот кадар, БАС ги исполнува законските обврски од 10 постојано вработени наставници и со нив овозможува целосна покриеност на наставата.

Промените кои настанаа кај дел од наставниот кадар поради боледување и породилно отсуство беа земени предвид и не претставуваа пречка за одвивање на наставниот процес. На боледување во 2020 година, беа тројца наставници, од кои само на еден му истече породилното отсуство во 2020 година, а останатите две колешки беа отсутни цела календарска 2020 година. За таа цел Преку барање на Согласност за изведување високо образовна дејност, ангажирани се двајца наставници за предметите Финансиски менаџмент и Маркетинг.

Наставата во текот на 2020 година се изведуваше навремено, согласно усвоената покриеност и предвидените распореди на настава, како за прв, така и за втор циклус на студии.

Првиот академски час за прв циклус на студии се одржа со физичко присуство со примена на сите мерки за заштита на 01.10.2020 година паралелно на двете локации на БАС, во Скопје и во Битола. Првиот академски час на втор циклус на студии се одржа на 04.11.2020 година онлајн преку ZOOM платформата.

Наставата беше прилагодена согласно препораките кои беа донесени од страна на Владата, МОН и Министерството за здравство и во поголемиот дел од календарската 2020 година, наставата се одвиваше он лајн, со користење на средствата за двонасочна електронска комуникација. Во тој контекст менаџментот на БАС согласно донесените измени во Законите донесуваше и одредени акти и протоколи со кои се овозможи успешно продолжување на наставата, а сето тоа резултираше со навремено завршување на зимскиот семестар. Во овој дел битно е да се потенцира дека и покрај зголемениот обем на инспекциски надзори во овој период, за работата на БАС не беа утврдени никакви неправилности.

Во оваа календарска година забележано е активирање на значителен број на студенти од постарите генерации и нивно завршување. Поголем дел од нив се суште во тек на доврשување на студиската програма.

## Квалитет на наставата и на работата на стручно –административната служба

Во насока на проверување на квалитетот на наставата и нејзино подобрување беше спроведено истражување со анкетен прашалник за студентите и професорите на БАС. Истиот беше испратен он лајн и содржеше определен број затворени и отворени прашања. Од активниот број студенти на БАС одговори беа добиени од 77 студенти и 14 професори кои реализираа настава во летниот семестар на 2019/2020 година.

Резулаттите од ова истражување беа презнетирани на панел дискусијата „Менаџерски муабети 3", а претствуаа и ќе претствуваат солидна основа за идни мерки кои менаџеркиот тим треба да ги преземе.

Наставниот процес на БАС беше реализиран во согласност со Законот за високо образовани, Статутот на БАС, правилниците за работа.

Семестрална евалвација на изведбата на наставникот и наставата беше адаптирана според барањата и критериумите на онлајн наставата.

Наставниот кадар е стручен и компетентен, а нивото на квалитет континуирано се подобрува преку меѓусебни подучување и тековни состаноци кои ги надополнуваа потребните знаења за работа на платформите за он лајн настава.

Од добиените информации преку информацискиот систем и образовниот портал се констатира дека секој наставник соодветно ја води педагошката документација и евиденција.

Организацијата и начинот на кој се вршат стручните и административните работи е во согласност на описот на нивните работни места и Правилникот за стручна и административна работа.

За време на пандемијата вработените во Стручната служба работеа на своите работни места со физичко присуство, како и работа од дома каде беше возможно. Во ниту еден момент на новонастанатата состојба предизвикана од пандемијата, Стручната служба не престана да функционира. Во рамките на можностите, Одделението за студентски прашања и покрај намалениот кадар на вработени, максимално се ангажираше навремено да ги извршува тековните, но и вонредните обврски.

Со цел да се подигне квалитетот на наставата, да се споделат научените лекции и современите практики, особено во делот на онлајн наставата и онлајн административните обврски, на иницијатива на директорот на БАС, Наставничкиот совет на БАС, кон крајот на месец декември 2020 година, донесе одлука за формирање на обучувачки тим за реализација на работилница Е-ДЕАН.

## Објавени научни, стручни трудови, трудови со импакт фактор и публикации

Во текот на 2020 година, наставниот кадар на БАС објавил вкупно:

- 1 стручен труд;
- 41 научни трудови;
- 3 научни трудови објавени во меѓународни списанија;
- 6 Прирачници;
- 2 Книги;

Во ноември и декември 2020 година дадена е позитивна рецензија за издавање на учебникот Личен менаџмент и учебното помагало Личен менаџмент во пракса, во авторство на проф. д-р Даниела Карадаков и проф. д-р Гордана Тасевска, а кои претставуваат основен учебник и основно учебно помагало за реализација на предметната програма по Личен менаџмент на прв циклус на студии на БАС.

На 25 декември 2020 година со користење на алатката зум, беше промовирана книгата од проф. д-р Цветко Смилевски „Сеќавања за иднината“ во издание на БАС и БАС ИМ, на која присуствуваа поголем број на гости. Промоцијата остави позитивен впечаток кај учесниците и претставуваше едно позитивно заокружување на календарската година.

## Конференција и симпозиум

На 30 и 31 октомври 2020 година се одржа шестата меѓународна научна конференција „Современите менаџерски предизвици и организациските науки“ во организација на БАС Институт за менаџмент Битола, Бизнис Академија Смилевски - БАС Скопје и Универзитетот „Милтон Фридман“ од Будимпешта, Унгарија.

На конференцијата беа пријавени 52 трудови, распоредени во четири секции.

Конференцијата се одржа он лајн, заради почитување на мерките за заштита на здравјето.

На свеченото отворање се обратија:

1. Проф. д-р Лидија Стефановска, заменик директор на БАС и претседател на организациски одбор;
2. Проф. д-р Цветко Смилевски, претседател на програмскиот одбор;
3. Проф. д-р Тони Соклевски, менаџер за развој на БАС;
4. Dr. JánosPerényi – Ректор на Милтон Фридман Универзитет од Будимпешта;
5. М-р Наташа Петровска, градоначалник на општина Битола.

Во рамките на Конференцијата се одржа и панел дискусијата „Манеџерски муабети 3“ на која говореа следниве панелисти:

1. Проф. д-р Томе Неновски, ректор на УАКС;
2. М-р Елизабета Наумовска, поранешен заменик министер за образование;
3. Проф. д-р Гордана Тасевска, професор на БАС;

4. Д-р Николче Шулевски, доктор по методика на онлајн наставата;
5. Менде Мицевски, директор на Сектор за усогласеност со прописи, човечки ресурси, АМЛ/ЦФТ и ОСИС лице во Стопанска Банка АД Битола.

Во декември 2020 година од страна на Наставничкиот совет утврден е предметниот фокус, датумот, начинот на реализирање на седмиот стручен симпозиум во организација на БАС и БАС ИМ, а исто така е конституиран и програмскиот и организацискиот одбор. Одборите ги започнаа своите активности во делот на планирање на овој симпозиум. Реализацијата на симпозиумот ќе биде на 07.05.2021 година.

## Студентско собрание

Во текот на јануари и мај/јуни како и во текот на октомври и ноември 2020 беа спроведени постапки за избор на членови на студентско собрание. Сите постапки беа неуспешни откако на конкурсите не беа пријавени доволен број на кандидати. Ова е проблем кој се провлекува веќе долго време и во периодот што претстои ќе бидат преземени поагресивни промотивни мерки меѓу студентите со цел наредната постапка да биде успешна.

Од страна на членовите на комисиите беа дадени препораки кои треба да се земат предвид при понатамошното постапување во постапката за избор на членови на Студентското собрание на БАС.

Досега вкупно се организирани 5 (пет) постапки за избор на студенстко собрание на БАС.

Решението за оваа проблематика е во поголемо лобирање кај студентите и покрај незаинтересираноста и помагање од страна на сите наставници во подготовката на потребната документација. Поголеми напори за лобирање кај студентите во Скопје.

## Еразмус +

Во 2020 година не се реализираше ниту една мобилност поради ситуацијата со пандемијата.

Во декември 2020 година БАС учествуваше на конференција на тема ”Како да се зборува со младите генерации” организирана од страна на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, како и на свеченото потпишување на договорите за грантови за студентска мобилност од Еразмус+ програмата со високообразовните институции во РС Македонија за академската 2020/2021 година.

На полето Еразмус и оваа година БАС доби грант за учество во клучна акција КА1 103 – размена за кадар и студенти, со вкупно 17 мобилности.

Во декември 2020 година БАС доби и чартер за новата Еразмус+ програма 2021-2027 година.

## Проекти

Во текот на 2020 година БАС заедно со Регионалната комора од Битола од македонска страна и двете институции од грчка страна:Research Committee (ELKE) of the University of Western Macedonia (UoWM) и Centre for Research & Technology Hellas (CERTH ) / Chemical Process & Energy Resources Institute (CPERI) развија партнерство од кое произлезе заеднички проект под наслов:Stimulating Green Employment: Across Border Educational and Technological Innovation Hot – Spots, во приоритетната оска:
1.Development and Support for Local Economy
1.1 Create employment opportunities for educated graduates by exploiting comparative advantages of the cross-border area, preferably with the use of innovative tools and practices

Проектната апликација се подготвуваше од февруари до мај 2020 година и на 30 мај 2020 се аплицира до Европските институции од лидерот од Грчката страна.

Проектирана дата за почеток на овој проект (доколку го добиеме) е се очекува во првото тромесечије на 2021 година.

Буџетот на проектот е скоро 1 000 000 евра, а буџетот што БАС го проектира за нејзиниот дел е околу 180.000 евра распределена по следните ставки:

- поставување на соларна централа на покривот на зградата на БАС (комплетна процедура, покрив над терасите и соларни колектори на цел покрив, поврзување со електро системот на земјата);
- опрема: 12 лаптопи, 2 видеобимови, 1 ТВ смарт, 1 мултифункционален печатач, скенер, фотокопир, 2 интерактивни табли;
- обуки и работилници од вработените од БАС кон организациите за градење на регионална стратегија и организациски стратегии, бизнис планови, проектни апликации за ФИТР, проекти за зелена енергија;
- плати за проектен менаџер и негов асистент;
- патувања, организирање на инфо денови, конференции;
- ектерни услуги.

Во периодот од април до јуни 2020 година дел од наставниот кадар на БАС беше активен учесник во проектот за развој на деловниот еко систем, проект на УСАИД, а реализиран од страна на ДЕТРА Центар преку Консалтинг за стратешки развој, Скопје. Од проектот како завршни активности произлегоа прирачници за работа на опфатените комори, здруженија, асоцијации во повеќе области.

## Реализација на проект БАСТИОН

**БАСТИОН 2**

Вториот проект БАСТИОН кој беше во рамките на програмата од МОН на РСМ: Проект за развој на вештини и поддршка на иновации кој е заем од Светската банка завршува 2020 година со комплетирање на административните и финансиските обврски кон БАС.

Донаторските сметки на училиштата и прифаќањето на конечните финансиски извештаи за извршените услуги се усвоени од МОН и БАСТИОН 2 е комплетно завршен.

**БАСТИОН 3**

Во текот на 2019 година беа подготвени седум проектни апликации за третата фаза на БАСТИОН и истите беа аплицирани во мај 2019 до МОН и тоа: СОЕУ Јане Сандански од Битола, СОЗУ „Кузман Шапкарев“ од Битола, СОУ „Димитар Влахов“ од Струмица, СОУ„ Орде Чопела“ од Прилеп, СОУ „Нико Нестор“ од Струга, ОУТУ „Ванчо Питошески“ од Охрид, ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ од Охрид.

Заради ребаланс на буџетот на МОН и пренамена на средствата за оваа фаза беше доделен еден проект каде БАС е бизнис партнер, а тоа е училиштето СОЗУ Кузман Шапкарев од Битола.

Во декември 2019 година се подготвија сите потребни оперативни процедури за реализација на проектот, а во јануари 2020 се реализираа дводневните обуки со наставниците во ова училиште.

Во месец февруари и почетокот на март 2020 се реализираа четири еднодневни работилници со учениците и менторирања со наставниците. Овие активности ги реализираа вработените од БАС Битола.

Проектот е продолжен до декември 2020 година, а БАС со истиот тим од октомври до декемцри 2020 ги доиспорача своите предвидени активности и со учениците и со наставниците.

Буџетот на проектот изнесува 242 604 ден и се очекува одобрување од МОН за исплата кон училиштето, а тоа кон БАС во текот на јануари-февруари 2021.

## Активности на Кариерниот центар на БАС

Кариерниот Центар на БАС за 2020 година бележи скромни активности:
Во април 2020 година со редовните студенти од втора и трета година е одржана Обука за „Како се испорачува обука“, а во месец ноември 2020 година пред студентите од БАС Битола и Скопје извршена е презентација на активностите American corner Bitola.

Преангажираноста на дел од наставниот кадар како и пандемијата ја намалија можноста за поголемо активирање на Кариерниот центар. Се очекува во наредната календарска година да се изберат ново/и лице/а кои ќе го води/ат Центарот за кариера на БАС и да се донесе конкретна програма.

## Соработка

Во текот на календарската 2020 година БАС склучи меморандум за интеринституционална соработка со следниве организации:

1. Културен центар Стерна;
2. Здружение на граѓани Habeas Corpus;
3. Универзитет Унион Никола Тесла – Белград (остварени се контакти и е во процес на одобрување на текстот за Меморандумот т од двете страни).

Во рамките на меѓународната соработка БАС во 2020 година преку шестата меѓународна научна конференција, реализира соработка со Универзитетот „Милтон Фридман" од Будимпешта, кој во овој случај беше соорганизтор на оваа конференција.

Во 2020 година БАС воспостави и комуникација и обезбеди тло за соработка и со Американско катче Битола. Поради тоа што нивната политика е да не се склучуваат меморандуми за соработка, оваа соработка е озваничена на заеднички состанок и континуирано се споделуваат активностите во кои што може да се вклучи наставниот кадар и студентите на БАС.

## Промотивни и продажни активности

**Онлајн промотивни активности**

- Кампањата „50% попуст за упис до 28.02.2020) се покажа како успешна. Вкупно се запишаа 8 студенти (по 4 на двете локации).
- Кампањата за подарок на книга по случаен избор се покажа успешна, особено за книгата „Маркетинг). Беа доделени 3 книги на добитници по случаен избор. Кампањата траеше 6 дена, беа потрошени 35$ и имаше 1119 post engagements, 911 post reactions, 79 post comments и 58 post shares.
- Кампањите за студирање на далечина и трансфер од други факултети привлекуваат големо внимание кај публиката. Секогаш има најмногу прашања во Inbox кога се промовираат овие две работи. Приближно 70 заинтересирани странки се распрашаа за студирање на БАС
- Кампањата за стипендии беше делимично успешна. Скопје 58 пријавени, 12 кандати во потесен круг, само 1 прифатена стипендија. Во Битола конкурираа 30 студенти од кои 6 ја прифтија стипендијата. Вкупно потрошени 325$ на спонзорирани огласи.
- Создавање на www.bas.edu.mk/upisi како посебен веб-сајт со сите информации поврзани со уписите. Сите активности линкуваа кон таа страна.

- Кампањата „3 студенти по цена на 2“ воопшто не предизвика интерес и не беше запишана ниту една група со овој пакет. Само 10-тина луѓе прашаа за подетални информации.
- Постигнавме континуитет во пристуството на Facebook и Instagram преку редовни активности.
- Се воспостави ред во одржувањето на социјалните медиуми со тоа што едно лице е одговорно за се.
- Две обуки за вработени на ПО (Градење на организациски тимови и Продажба и продажни вештини) кои беа потоа промовирани на социјалните медиуми
- Кампања 8ми март.
- Со цел одбележување на 8ми Март беа поделени ружи на припадничките на понежниот пол на прометни локации низ Скопје и Битола. Делењето беше реализирани од страна на студентите.
- На социјалните медиуми се промовираат тестемонијали од студенти за нивното искуство во БАС.
- Претставување на БАС тимот е уште една од активностите која во моментот се реализира на социјалните медиуми.
- На социјалните мрежи направена е индивидуална промоција на наставниот и административниот кадар на БАС.

**Класична промоција**

Класичната промоција во Скопје се сведе на неколку активности.
Главната активност која беше планирана, посетите по училишта, за жал се реализираше во мал обем поради избувнувањето на пандемијата и затворање на училиштата од страна на МОН. Беа реализирани посети само во:

- Владо Тасевски-ПТТ
- Јосип Броз Тито
- Гимназија Ѓорѓи Димитров

Останатата класична промотивна активност беше делење на цвеќиња за денот на жената, 8-ми Март, на прометни и атрактивни локации во Скопје и Битола. Промоцијата беше реализирана од редовните студенти под надзор на претставник од БАС.
Беа испечатени 1000 брендирани заштитни маски со логото на БАС. Дел од маските беа делени на граѓаните на прометни локации низ Скопје и Битола.

Делење балони (по 500 на локација) со логото на БАС на прометни локации низ Скопје и Битола со цел постигнување на поголема видливост

**Продажни активности**

Во текот на 2020 година се реализираа следните видови на продажни активности:

- ран упис за редовни студенти со 50% попуст, упис на редовни студенти преку два циклуси на стипендии, упис на студенти во промотивна квота од 10% попуст, организациски пакети со 33% попуст, уписи на наши ДДС студенти, учество на наши студенти, вработени и соработници во продажниот процес, уписи на студенти од наши ПО со 20% попуст, запишување на членови на семејствата на вработените во БАС со 50%, упис на наши ментори на ПО, упис на студенти на далечина.

Акгажираноста на сите вработени координирани од тимот за продажба на БАС оствари 16% поголем број на запишани студенти од предходната година.

За потребите на БАС во уписната кампања беше креиран вебсајтот bas.edu.mk/upisi кој е сеуште активен.

## Библиотечен фонд

Библиотечниот фонд располага со над 900 книги од различни области. Во 2020 година е збогатен со книгата на проф. д-р Цветко Смилевски „Сеќавања за иднината“-автобиографски рефлексии, издадена од БАС и БАС ИМ, како и прирачникот на наш студент од втор циклус на студии Санде Смилјанов „Прирачник Организирање на конференции и настани во јавна државна институција“.

## Обуки, работилници и професионално усовршување

Сите постојано вработени наставници учествуваа на Шестата меѓународна научна конференција *Современите менаџерски предизвици и организациските науки* во организација на БАС ИМ, БАС и Универзитетот Милтон Фридман од Будимпешта.

Исто така сите наставници учествуваа на конференцијата LIMEN, која се одржа во ноември 2020 година (6th International scientific-business conference leadership, innovation, management and integrated politics of research**)**.

Дел од наставниците односно: Тони Соклевски, Лидија Стефановска и Гордана Тасевска учествуваа на Педагошки факултет, Битола, на втората интернационална конференција надарените и талентираните креатори на прогресот, октомври, 2020.

Дел од наставниците односно: Тони Соклевски, Даниела Карадаков, Иван Ѓоргиевски учествувва на Камп на иновации во улога на бизнис волонтери и ментори на ученичките тимови на натпреварот на средношколци за претприемнички вештини „КАМП НА ИНОВАЦИИ“ во организација на Џуниор Ачивмент Македонија.

Наставниците од одделението во Битола учествуваа во реализација на проектот за развој на меки вештини од МОН и Светската банка во СОЗУ Кузман Шапкарев – Битола.

Посебни активности кои ги имаа дел од наставниците се:

**Проф. д-р Маја Кочоска:**

- Подготовка на маркетинг план за АДКОМ – здружение на даватели на комунални услуги;
- Развивање на иницијативи(Regional School "Society and Religion: Ethnic groups, Identity and Nationalism") KAS;
- Проект План Дојран – подготовка на комуникациска стратегија.

**Проф. д-р Даниела Карадаков:**

- Учество на онлајн обука - Тим билдинг: инвестиција или трошок? - HR Conference 2020, 04.12.2020 година, Скопје;
- Учество на онлајн обука - Агилност во HR - Како HR да стане агилен? - HR Conference 2020, 04.12.2020 година, Скопје;
- Учество на online HR Conference 2020, 03-04.12.2020 година, Скопје;
- Говорник на виртуелна конференција „Забрзан раст на претприемничко образование“ на вебинарот на тема: „ПРЕТПРИЕМНИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ КАКО НАЧИН ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО И НАСТАВАТА“, Junior Achievement Macedonia, 04.11.2020 година;
- Гостин предавач на Машински факултет, Скопје, при УКИМ, Скопје, на тема: „Градење на ефективни тимови: Виртуелни тимови и Team Building“;
- Менторирање во делот на менаџмент на човечки ресурси на Асоцијација за е-трговија на Македонија – АЕТМ, Скопје, април – јуни 2020 година и подготовка на Прирачник за менаџмент на човечки ресурси со политики и процедури;
- Менторирање во делот на менаџмент на човечки ресурси на Ветеринарна комора на Р. С. Македонија, Скопје, април – јуни 2020 година и подготовка на Прирачник за менаџмент на човечки ресурси со политики и процедури;
- Менторирање во делот на менаџмент на човечки ресурси на Асоцијација на здруженија на работодавачите на превозните трговски друштва на РМ МАКАМ-ТРАНС, Скопје, април – јуни 2020 година и подготовка на Прирачник за менаџмент на човечки ресурси со политики и процедури;

**Проф. д-р Лидија Стефановска:**

- Обука и избрана за Национален консултант за испорачување на обуки за претприемаштво и развивање на Бизнис план, УНДП, од програмата за Самовработување 2020;
- Обука: Семејни бизниси, Клучен претприемачки модел – како понатаму?, проф. д-р Јака Вандаљ, Агенција за поддршка на претприемништво на РСМ;

**Проф. д-р Гордана Тасевска:**

- Учество на online HR Conference 2020, 03-04.12.2020 година, Скопје;
- Подготовка на Водич за верификација на посебните програми за образование на возрасние е произлезен од потребата на АТКОМ да прерасне во Трениг центар, а со тоа и потребата за сертификација на обуките реализирани од центарот.

## Компјутерска опрема и ИТ структура,

Во делот за компјутерската опрема, освен неколку ситни инвестиции заради дотраеност или амортизираност на опремата, немаше поголеми промени во текот на 2020година. Во продолжение направените промени/набавки:

1. Web камера.
2. 2 таблети за пишување/цртање.

Во делот на IT инфраструктурата се направени следниве промени:

1. Закупени 3 акаунти за ZOOM видеоконференцискиот сервис период Март-Август
2. Закупени дополнителни 8 акаунти за ZOOM видео конференцискиот сервис период Август – Декември
3. Закупен додаток за WEBINAR на ZOOM видео конференцискиот сервис во времетраење од 1 месец.
4. Отпочнати преговори за изработка на софтвер за административните потреби на БАС.

## Образовни портали

Кај образовните портали, можам да потврдам нивна достапност од 98.12% во периодот за целата 2020година. Во продолжение статистички податоци за образовните портали:

| **Податок:** | **Portal.bas.edu.mk** | **Portal2.bas.edu.mk** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Предмети** | 1878 | 214 | 2.092 |
| **Корисници** | 1312 | 308 | 1.620 |
| **Прашања** | 94906 | 8894 | 103.800 |
| **Ресурси** | 17626 | 3024 | 20.650 |

## БАС Вебсајт(ови)

За потребите на БАС во уписната кампања беше креиран вебсајтот bas.edu.mk/upisi кој е сеуште активен.

Во декември се започна со работа на редизајн на постоечкиот вебсајт bas.edu.mk.

Се забележуваат последици и незадоволство кај корисниците од употребата на застарена опрема, меѓутоа се прават напори во текот на 2020г. да биде дел од инфраструктурата обновена и имплементирана на двете локации.

Проблемот со мрежното поврзување во одделението во Битола сеуште е актуелен проблем на кој се работи.

## Наставнички совети

Наставничкиот совет на БАС активно работеше во текот на целата 2020 година. Поголемиот дел од НС се одржаа онлајн со користење на алатката зум, согласно состојбите со пандемијата со Ковид 19. Во 2020 година реализирани се вкупно 22 седници на Наставнички совет на БАС, од кои 13 редовни седници на НС и 9 вонредни седници на НС.

## Инспекциски надзори

БАС во текот на 2020 година беше изложен на повеќе инспекциски надзори извршени од страна на Државниот просветен инспекторат **и во ниту еден од нив не се пронајдени одредени неправилности**.

- Инспекциски надзор извршен на 16.01.2020 година - редовен, предмет на инспекциски надзор - спроведена постапка за самоевалуација на БАС - констатирана состојба Не се утврдени никакви неправолности во работењето на субјектот.
- Инспекциски надзор извршен на 31.01.2020 година - вонреден, предмет на инспекцискиот надзор - проверка на веродостојноста на уверение и диплома издадени од БАС за Гоце Блаже Јованоски - констатирана состојба **-** Не се утврдени никакви неправолности во работењето на субјектот.
- Инспекциски надзор извршен на 01.04.2020 година - Електронски доставување на чек листа за известување за организација на наставата во време на вонредна состојба / учење од дома - констатирана состојба **-** Не се утврдени никакви неправолности во работењето на субјектот.
- Инспекциски надзор извршен на 09.03.2020 година - вонреден, предмет на инспекцискиот надзор - по налог на ДПИ, МОН, Постапка покрената од лицето Филип Петрески, Преставка од Министерство за внатрешни работи, цел на надзорот проверка на наодите од преставката - констатирана состојба **-** Не се утврдени никакви неправолности во работењето на субјектот.
- Инспекциски надзор извршен на 27.03.2020 година - вонреден, предмет на инспекцискиот надзор - барање на информации за следење на состојбата во високообразовните установи за превземени активностои за превенција од корона вирусот. констатирана состојба **-** Не се утврдени никакви неправолности во работењето на субјектот.
- Инспекциски надзор извршен на 25.06.2020 година - Електронски доставување на чек листа за активни студиски програми. Не се утврдени никакви неправолности во работењето на субјектот.

- Инспекциски надзор извршен на 14.08.2020 година  - Електронски доставување на чек листа за издавање на простор.  Не се утврдени никакви неправолности во работењето на субјектот.
- Инспекциски надзор извршен на 06.10.2020 година - редовен - Предмет на надзорот е запишување на студенти во прва година на прв циклус на студии во академската 20/21 година. Не се утврдени неправилности.

## Јубилејни награди

Во 2020 година беа доделени ***две јубилејни награди*** по повод 10 (десет) години работа во БАС. Наградите беа доделени на проф. д-р Таип Јакупи и МБА Наташа Коцевска.

## Нострификација на дипломи

Во рамките на 2020 година забележано е и интернационално признавање на образовните квалификации на БАС во странство.

Дипломата на БАС на прв циклус на студии е дополнително призната во: ***Бугарија, Малта и Германија***.

## Финансиски преглед

Врз основа на Ковид кризата и посебните услови на работа кои ни беа наложени од пандемијата финансиската состојба на БАС, беше стабилна.

Во 2020 година беше активна Одлуката на ПИМ тимот за намалување на надоместоците за дополнителна и вонnаставна ангажираност на наставниот кадар на БАС која траеше до 31.10.2020 година.

## Други останати активности

Во текот на 2020 година, со работа рпосолжи ПИМ тимот кој го водеше БАС во кризниот период. Активностите на ПИМ тимот резултираа со донесување на развојните стратегиски приоритети за 20/21.

Во текот на 2020 година, одржан е тим билдинг на наставниот кадар на БАС, во Охрид кој покрај забавна имаше и работна функција. Рагледани се и утврдени развојните приоритети на БАС за 2020/21 година.

Во текот на месец декември беше избран и новиот менаџерски тим на БАС. Имено, по завршувањето на мандатот на проф. д-р Даниела Карадаков на функцијата директор на БАС, беше избрана проф. д-р Маја Кочоска, која во наредниот мандат ќе ја извршува оваа функција. Таа беше и единствен пријавен кандидат за номинација.

По завршувањето на мандатот за проф. д-р Лидија Стефановска на функцијата заменик директор на БАС, на предлог на проф. д-р Маја Кочоска, како избран дирекор, од страна на Наставничкиот совет на БАС беше избрана проф. д-р Гордана Тасевска, која ќе ја извршува оваа функција во наредниот мандат.

Двете нови функции стапуваат на сила од 01.02.2021 година.

Во текот на јануари 2020 година се одржа традиционалното вртење на мазник за православниот празник Василица. Најсреќни во 2020 година беа студентот Петар Шанев од прва година редовни студенти, а кај наставниот, менаџерски кадар и основачите, најсреќен беше конзорциумот БАС, БАС ИМ и ДЕТРА.

Во рамките на општествената одговорност на БАС додели новогодишни брендирани пакетчиња за деца со попреченост, а исто така БАС додели и новогодишни пакетчиња за децата на вработените.

БАС активно учествуваше на сите состаноци организирани од страна на Конференцијата на приватни високообразовни установи. На состаноците учествуваа директорот на БАС проф. д-р Даниела Карадаков, а во дел од нив учествуваше и проф. д-р Лидија Стефановска, додека ја обавуваше замената на директорката Карадаков во текот на нејзиното породилно отсуство. Преку Конференцијата на приватни високообразовни установи направена е средба со тогашниот министер за образование и наука Арбер Адеми на кого директно во усна и во писмена форма му беа доставени барања за измени и дополнувања на законот за високото образование, а кои се однесуваа на промена на времетраењето и износот на ЕКТС кредитите на високото стручно образование на прв и втор циклус на студии, барање за изедначување на националната со европската рамка на образовни квалификации, барање за обезбедување на можност за ангажирање на лица во насловно звање и на висока стручна школа и сл. Исто така, преку учеството на оваа конференција БАС овозможува влијание врз работата и активностите на Интеруниверзитетската конференција во која немаме законска можност да учествуваме. На последниот состанок на оваа конференција се утврдени и насоки за постапување во однос на примената на законот за двојазичност.

Истите, а и проширени прашања кои беа споделени пред тогашниот министер за образование и наука, беа поставени и пред актуелната министерка за образование и наука, Мила Царовска, со која средба имаше проф. д-р Цветко Смилевски. Од средбата се констатираше дека поради тоа што Законот за високо образование сеуште не е во целост имплементиран, не се очекува промена на истиот. Сепак и понатамошните активности со нашите барања за подобрување на законската регулатива не треба да престанат.

Во текот на 2020 година изготвена е четвртата Самоевалуација, усвоена е и еден примерок е пратен до секторот за високо образование при МОН.

Во текот на 2020 година разгледани се одредени проблеми со порталот, посебно во делот на завршените студенти и предложени се мерки за подобрување.

Проф. д-р Гордана Тасевска е назначена за одговорен наставник, за водење низ процесот на студентите кои курсно студираат преку курсеви кои се дел од студиската програма на БАС.

Подготвени се дипломите за двете генерации студенти и истите се поделени.

Неколку пати е извршена дезинфекција на просториите во БАС Битола и Скопје.

БАС учествуввше на Камп на иновации каде дел од наставниот кадар учествуваа како волентери и бизнис ментори на ученичките тимови на натпреварот на средношколци за претприемнички вештини „КАМП НА ИНОВАЦИИ“ во организација на Џуниор Ачивмент Македонија.

Во 2020 година запопна со работа работната група за донесување на Етичкиот кодекс на БАС. Работната група во 2020 година имаше почетни активности, но оваа активност продолжува во 2021 година со рок до 01.02.2021 година.

## Неостварени цели и активности

Анализирајќи ги остварувањата на целите предвидени во годишната програма за работа на БАС во 2019 година, забележано е неостварување на следниве цели и активности:

- Не е изготвен и усвоен Системот за обезбедување на квалитет на БАС – овој Правилник не е изготвен затоа што ниту во 2020 година не не беа дадени насоки од Агенцијата за квалитет. Се очекува во 2020 година Агенцијата за квалитет да го изготви правилникот и врз негова основа БАС да го изготви и донесе Системот за обезбедување на квалитет на БАС;
- Не е изготвено и усвоено Упатството за самоевалуација на БАС. Работната група во неколку наврати работеше на ова упатство, но наиде на законска пречка, односно сеуште не е формиран Одборот за евалуација на високото образование кој треба да донесе Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, врз чија основа треба да се изработи и Упатството за самоевалуација.
- Не е формирано Студентско собрание на БАС и покрај пет неуспешни постапки се продолжува. Донесена е нова одлука за започнување на постапка за формирање на Студентското собрание на БАС. Дадени се конкретни насоки и препораки од претходните искуства со спроведувањето на постапката и се очекува позитивен исход.
- Не се изготвени посебни фидбеци за летниот семестар на 2019/20 година, заради мал процент на студенти кои пристаплие кон евалавација на наставниците.
- Не доставени кратки програмі за 2-3 обуки кои би можеле да ги испорачаат кон стопанските комори од страна на повеќето наставници. Шест програми за обука се доставени само од проф. д-р Даниела Карадаков.

Коментар на импликациите:

Импликациите од овие незавршени обврски, кои дел не се од неажурност на БАС, туку заради непостоење насоки од страна на МОН, иницираат нејаснотии како да се постапи во одредни ситуации при менаџирање со квалитет во високото образование или при постапка за самоевалуација.

Прифаќањето од страна на НС да истражувањето за он лајн наставата (спроведено кај студентите и наставниците), биде прифатено како фидбек за наставата во летнот период, донесе значајни информации кои послужија како насока за идни одлуки, на генерално ниво, но не и на индивидуално ниво, односно наставниците немаа увид за својата работа при он лај наставата во зимскиот период.

Кратките програми за обуки кои беа предвидени да се достават, можеа во голема мера да бидат искористени за он лајн обуки, вебинари и слично, за време на пандемијата, што од своја страна ќе послужеше и за поголема видливост на БАС. Доставените програми не беа понудени на коморите поради тоа што БАС не можеше да понуди разноликост во темите кои требаше да бидат доставени од останатите наставници.

Формирањето студентското собрание и понатаму останува горлив проблем, кој се провлекува две години, а тоа е законска обврска спорен новиот ЗВО и неможност да се слушни мислењето на студентите по одредени прашања од работата на БАС.

**Во однос на развојните приоритети не се остварени следните цели**:

- Не е назначено одговорно лице за маркетинг;
- Не е целосно подготвен концептот за одржување на натпреварот за стипендии (се подготвува драфт верзија);
- Не е направена Презентација на предлог проектот за „Дигитален бизнис менаџмент“ на Конференцијата во октомври;
- Не е одржана работна средба за време на Конференцијата, за предлог проектот „Дигитален бизнис менаџмент“;
- Не е аплицирано на повици од ФИТР, кој не објави соодветни повици по однос на финасиската конструкција која би била интересна за нашите институции;
- Не е креирана нова маркетиншка порака за судирање на далечина;
- Не се забележани активности за ,,Продавање,, на концептот – далечинско студирање во спортските клубови низ РСМ, поради непостоење на маркетиншката порака;
- Не се потпишани Меморандуми за соработка со организации кои се однесуваат на лица по попреченост, како што е предвидено по еден на квартално ниво;
- Не е целосно реализирана активноста за ,,Продавање“ на концептот – далечинско студирање и примена на уписна политика (пакети) на погоре споменатите субјекти.
- Не е обезбеден софтвер за административно работење на БАС;
- Не се организирани гостувања на менаџери/сопственици на бизниси;

- Не е зголемен бројот на партнерски организации за практична настава на студентите. Според извештајот на координаторите за практична, расположливите партнерски организации ги задоволувале потребите за организирање и реализирање на практичната настава во 2019 година.
- Не се забележани никакви активности на Алумни организацијата;
- По однос на активностите од годишната програма за работа не е реализирана активноста за креирање на електронска апликација за учество на Кадарот на БАС на активности надвор од БАС под логото на БАС.
- Останатите активности во годишната програма се дел од целите на Развојните приоритети, а дел од нив се тековни активности на секој наставник ан семестрално ниво.

  Носителите на приеоритетни области како причини за неисполнување на дел од целите ги наведуваат следните:

  - Повици кои се неадекватни за нашите институции, се однесува на повиците од ФИТР;
  - Стопирањето на активностите со пандемијата со Ковид 19, посебниот режим по кој работење дел од институциите;
  - Пренасочување на професионалните ангажмани на дел од колегите, согласно ситуацијата со пандемијата;

Импликациите доколку се разгледуваат се од значење, но сепак не од витално значење на работата на БАС. Имено, доколку истите би биле исполнети сигурно дека ќе имаше подобрување на одредени полиња и секоја активност може да донесе значителна придобивка на секое поле од работата на БАС.

**Заменик на директорот на БАС во перодот од 2 декември 2019 до 23 септември 2020 година.**

**Проф. д-р Лидија Стефановска**

**Директор во периодот од 23 септември 2020 година до 25.01.2021 година**

**Проф. д-р Даниела Карадаков**

**Приватна непрофитна високообразовна установа**
**самостојна висока стручна школа**
**Бизнис академија Смилевски – БАС**
**Скопје**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ НА БАС ВО 2021 ГОДИНА

**февруари 2021, Скопје**

Согласно член 117 став 5 од Законот за високо образование (Службен весник на Р.М. бр.82/18), директорот на Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје на ден 08.02.2022 година до основачите и Наставничкиот совет на БАС го доставува следниов

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ НА БАС ВО 2021 ГОДИНА

## Вовед

Извештајот за работата на директорот на БАС опфаќа реализација на активности предвидени со едногодишната програма за работа, како и дополнителни активности кои се преземаа надвор од неа.

Изминатата 2021 година е една од поуспешните години на БАС. Се случија голем број на промени кои беа неопходни согласно епидемиолошката состојба во земјата. Исто така, се преземаа низа активности кои беа пролонгирани изминативе години заради објективни причини, а истите беа иницирани и предводени од страна на менаџерскиот тим. Промените се направија скоро во сите области, и тоа: настава и наставни активности, промотивна и продажна кампања, уписна политика, набавка на опрема, организациска култура и др.

Остварувањата на директорот за 2021 година се прикажани по подрачја, согласно сродноста на активностите кои при тоа се презедоа.

Функцијата директор од 1 февруари ја врши проф. д-р Маја Кузмановска.

## НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

### - Реализирање и подобрување на квалитетот на наставата

- Наставата во текот на 2021 година се изведуваше навремено, согласно усвоената покриеност и предвидените распореди за настава, како за прв, така и за втор циклус на студии. Истата се реализираше преку комбинираниот модел со помош на ZOOM платформата заради пандемијата предизвикана од Covid19 вирусот.
- Студентите кои беа запишани на студиската програма Оперативен менаџмент на прв циклус на студии и Стратегиски менаџмент на втор циклус на студии имаа рок на завршување на наставните и административни обврски до септември 2021 година. Се активираа голем број на студенти како на прв, така и на втор циклус на студии и ги завршија заостанатите обврски. Останатите студенти кои не успееја да ги завршат обврските до рокот имаат можност да се префрлат на активните

студиски програми по Бизнис менаџмент за прв циклус на студии и Стратегиски менаџмент за втор циклус на студии.

- Беа ревидирани наставните групи на предмети;
- Беше спроведена интегрирана настава по сите наставни предмети на двете локации;
- Беа вклучени гости предавачи и афирмирани стручњаци од практиката по сите предмети;
- Беше организирана посета на час од страна на одговорното лице за настава во БАС со цел одржување на квалитетот и стилот на работење;
- Беа креирани нови урнеци за проектни извештаи и ревидирани старите со што се влијаеше на подобрување на квалитетот на истите.

## НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

### - Студиски програми

- Во ноември 2021 година од страна на БАС до Агенцијата за квалитет поднесен е предлог елаборат за акредитација на нова студиска програма на прв циклус на студии по Маркетинг менаџмент. А во завршна фаза е и предлог елаборатот за акредитација на нова студиска програма по Стратегиски менаџмент на човечки ресурси на втор циклус на студии.

## НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

### - Практична настава

Практичната настава на двете локации се одвиваше без поголеми проблеми и покрај пандемиските услови. Програмата ТСП 1 и бизнис лабораториските вежби се одвиваа комбинирано, дел како онлајн активности, а дел со физичко присуство во просториите на БАС. Програмите ТСП 2 и ТСП 3 се одвиваа теренски во ПО каде студентите се придржуваа до соодветните мерки.

Партнерски организации во кои се одвиваше ТСП во 2021 година беа:

- АМСМ
- Ред Шпед
- АДКОМ
- Спортлајф обложувалници
- БАС
- Сара фешн
- Јоопоне
- НЛБ банка
- Кодинг горска вода
- Детра центар

- Кроациа осигурување-живот
- Консалтинг интер груп
- Де-ни мебел
- Регионална стопанска комора Битола
- Синпекс
- Дани консалтинг
- Ники 71
- Тера ТВ
- Автокомплекс Пржо
- Фустеларко Борец
- Боди М
- Вемилк
- Алгоритам
- Екомар
- Мако
- Унимарбле
- Бинтерн

Во текот на 2021 година беше збогатена листата на ПО со некои нови ПО и тоа:

- Ред Шпед Скопје
- АДКОМ Скопје
- Марили дооел Скопје
- Маркард Македонија дооел Велес
- Бинтерн дооел Битола
- Алгоритам про консалтинг дооел Битола
- Боди Мими дооел Битола
- Еко-мар 2010 доо Битола
- Унимарбле доо Битола
- Макком дооел Битола
- Консалтинг интер груп Кавадарци
- Бомар консалтинг дооел Скопје

Во однос на реализација, праксата се одвиваше без поголеми проблеми. Најголем дел од студентите навреме ги завршуваат своите обврски во поглед на административните задолженија поврзани со праксата, а оние кои не го прават тоа се соодветно санкционирани.

Практичната настава за вонредни студенти се одвиваше без проблеми. Најголемиот дел од студентите навремено ги доставуваа задачите за практична настава.

Покрај сето наведено, беа реализирани неколку онлајн средби со истакнати експерти, кои беа заеднички реализирани како дел и од ТСП 1 и од Каририот центар, а за овие средби подетално ќе биде елаборирано во делот за Кариерен центар.

## НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

- **Етички кодекс на БАС**

- Ревидиран е етичкиот кодекс на БАС, усвоен и поставен на веб страната и порталот на БАС

## СТУДЕНТИ

- **Број на запишани студенти на прв и втор циклус на студии**
- **Дипломирани студенти на прв и втор циклус на студии**

За студиската 2021/2022 година, согласно студиските програми, БАС во конкурсот имаше предвидено 85 слободни места за запишување на студиската програма по Бизнис менаџмент на прв циклус на студии и 42 слободни места за запишување на студиската програма по Стратегиски менаџмент на втор циклус на студии.

- За прв пат од основањето на БАС беа пополнети квотите на двете студиски програми или се запишаа вкупно 125 студенти од кои 85 студенти на прв циклус и 42 студенти на втор циклус.
- Во рамките на студиската програма на прв циклус на студии активно се вклучија учесници на програмите за стручно и професионално усовршување и стручно образование пократко од три години кои ги реализираат програмите заедно со вонредните студенти.
- Зголемениот интерес се должи на поголемите вложувања во промотивни и продажни активности.

Во календарската 2021 година на БАС на прв циклус на студии, дипломирани се вкупно 105 (сто и пет) студенти на студиската програма по Бизнис менаџмент, а 67 (шеесет и седум) студенти на втор циклус на студии на студиската програма по Стратегиски менаџмент.

## СТУДЕНТИ

- **Избор и активирање на студентско собрание**

На Бизнис Академија Смилевски во периодот од 15.03.2021 до 24.03.2021 беше распишан Конкурс за претседател и членови на Студентско собрание. Комисијата за

избор конечната листа за членови на Студентско собрание на БАС ја објави на портал на 06.04.2021 година, а конечната листа на избраните членови од страна на комисијата беше објавена на 09.04.2021 година. Истиот месец беше поднесен Прелог Статут за Студентско собрание кој потоа беше усвоен на НС во месец мај. Студентското собрание на БАС брои 5 членови.

## СТУДЕНТИ

- **Еразмус+/соработки**

Во текот на 2021 година, беа реализирани неколку значајни активности на полето на Еразмус+ програмата.

Од **мобилностите** се реализираа: 2 мобилности за кадар кај партнерите во Ријека во месец 02/2021, а кај истите партнери во тек е реализација на 4 студентски мобилности кои треба да завршат во месец 01/2022 година.

Планирана е **посета на Универзитет Милтон Фридман-Будимпешта** во текот на февруари/март 2022 година, како и посета на PAR Ријека во рамки на нивната зимска INCASO школа. Овие мобилности е планирано да се реализираат од грантот за 2020 година.

Во текот на 2021 беа поднесени две **апликации** и тоа:

- KA131 (индивидуални мобилности )- успешна. Во процес е потпишувањето на договорот за грант

Успешно беше обновен **Еразмус+ чартерот** со важност 2021-2027 година.

Во текот на 2021 година БАС ја обнови **интер-институционалната соработка** со Универзитетот Милтон Фридман од Будимпешта, а во процес на обнова се и договорите со уште 7 ВОУ.

Покрај ова, во текот на месец ноември по повод Денот на науката беше потпишан мултилатерален **меморандум за соработка** со: Меѓународен славјански Универзитет од Св. Николе; Регионална стопанска комора Битола и Педагошки факултет Битола.

Направен е план за обновување на соработката со Еразмус+ партнерите од Балканот и нивно вклучување во конференцијата и другите настани организирани од БАС во текот на 2022 година.

Во 2021 година БАС успешно ја продолжи **соработката со Џуниор Ачивмент** Македонија и повторно беше дел од Кампот на иновации што го организираше оваа организација, а во него учествуваа средношколци од цела РС Македонија. БАС учествуваше со свои бизнис ментори и беше еден од спонзорите (подетално елаборирано во делот спонзорства).

## СТУДЕНТИ

### - Кариерен центар

Кариерниот центар на БАС спроведе неколку активности кои беа во форма на онлајн предавања, односно панел-дискусии со истакнати менаџери од бизнис секторот во Македонија. Целта беше преку непосредна комуникација и разговор да им се доловат на студентите актуелните предизвици кои се случуваат во државната економија.

Реализирани беа средби со следниве учесници:

- АД Фустеларко Борец – Сашо Ѓоревски;
- Кроација Академија - Славко Саздовски;
- ДООЕЛ НИКИ СОКС – Николче Ѓоргиев;
- СИНПЕКС – Иванчо Стаматовски;
- НЛБ Банка – Дејан Маџовски;
- Нова Солушнс, Агенција за маркетинг – Предраг Стојковски;
- Раде Кончар-ТЕП - Горан Антевски;
- Маркард Македонија - Тања Пенкова;
- Консалтинг интер груп - Пенка Мукаетова;
- Сара фешн - Бобан Козаров.

Покрај наведените средби, како дел од активностите на Кариерниот центар беше и споделување на информации во однос на огласи за: пракса, вработување, стипендии и сл. Кариерниот центар ќе ја продлабочи соработката со новоформираното Студентско собрание кое ќе биде еден од главните канали за комуникација кон студентите.

## НАСТАВЕН И АДМИНИСТРАТИВЕН КАДАР

### - Професионално усовршување/обуки/работилници
### - Објавени научни, стручни трудови, трудови со импакт фактор и публикации

- Во 2021 година започнаа две постапки за ре-избор во звање на пред. м-р Иван Ѓорѓиевски и Виш пред. м-р Горазд Смилевски, согласно член 173, 175 и 176 од ЗВО. Постапката на Горазд Смилевски заврши и од 31.12.2021 година м-р Горазд Смилевски е ре-избран во наставно звање виш предавач на висока стручна школа за наставната област Претприемаштво. Постапката за пред. м-р Иван Ѓорѓиевски е во тек. Рефератот за избор од страна на Рецензионата комисијата е објавен на веб страната на БАС согласно законските правила и процедури.

Во делот на одржани предавања/обуки/работилници, наставниот и административниот кадар беше доста активен во текот на 2021 година:

- Одржано предавање во гимназија Јосип Броз Тито во 8 паралелки на тема „Е – маркетинг“ од страна на проф. д-р Маја Кузмановска;
- Одржано предавање во 8 паралелки во средното училиште Васил Антевски Дрен, како и за наградените ученици кои учествуваа во кампот за иновации 2021 и 2022 година организиран од страна на Џуниор Ачивмент на тема „Јас и мојата кариера“од страна на проф. д-р Даниела Карадаков;
- Учество на Global Entrepreneurship Week North Macedonia;
- Реализирана обуката „Матрица на очекувана кариера“ од пред. м-р Горазд Смилевски за наградените ученици од 2020 година и наградените ученици од 2021 година во капот за иновации организиран од страна на Junior achievement;
- Одржано предавање на тема: Личен менаџмент како алатка за намалување на анксиозноста кај младите – проф. д-р Гордана Тасевска – Ротари клуб Битола;
- Одржани работилници на тема: Дидактика за ефективна настава/Ефективно комуницирање и справување со специфични ученици /Презентациски вештини/Личен и тајм менаџмент/Организациско комуницирање – проф. д-р Даниела Карадаков; Коучинг – нова форма на учење, развој и унапредување/Клучни компетенции за менаџерски коучинг – пред. м-р Билјана Галовска; Современиот наставник и неговите менаџерски улоги во наставата – проф. д-р Гордана Тасевска и проф. д-р Тони Соклевски; Развој и унапредување на продажните вештини – проф. д-р Маја Кузмановска;
- Успешно реализирана ДЕАН работилница – проф. д-р Даниела Карадаков, проф. д-р Гордана Тасевска и пред. м-р Иван Ѓорѓиевски;
- Одржана онлајн панел дискусија: Поттикнување на социјално претприемништво;
- Учество на онлајн Webinar: Working and Living in Germany & Successful Application in Germany ;
- Учество на онлајн настан: Од факултетска клупа до сопствена компанија - митови и вистини “
- Учество на онлајн Вебинар - Agile Communication for Business Success;
- Посетен курсот "Изгради веб-страна во WordPress"; SourceMX Academy - проф. д-р Лидија Стефановска;
- Учество на научно – стручен собир од МНД Битола – проф. д-р Лидија Стефановска;
- Подготовка на проектна апликација врз основа на повикот од Националниот младински совет;

- Учество на настанот „Креативност и претприемништво. Поврзаност и важност.“ организиран од Македонска развојна фондација за претпријатија - проф. д-р Лидија Стефановска;
- Посетена обука на тема *Стратегиско планирање*, во рамките на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој "финансиран од Швајцарската агенција за соработка и развој и Министерството за локална самоуправа;
- Вебинар по повод светскиот ден на здравјето, организатори: Македонското научно друштво - Битола во партнерство со Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ и АНИМА - центар за личен развој, психотерапија и едукација;
- Посета на инфо сесија на ФИТР, а во врска по повикот за „Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст“ - проф. д-р Лидија Стефановска;
- Посета на предавање на тема Циркуларна економија – концепт насочен кон креирање подобро општество, FITRCLASSROOM – Adam Mitchell Heggs, експерт за циркуларна економија, иновации и корпоративни вложувања - проф. д-р Лидија Стефановска;

- Посета на онлајн вебинарот организиран од страна на Смиљан Мори Gdje uložiti novac u 2021. Godini - проф. д-р Лидија Стефановска;
- Посета на онлајн вебинарот Петер Саге: "Destroy Your Limitations and Level Up to Claim the Life and Income You Finally Deserve!" Special Training
- Учество на Самит за женско претприемништво – поголем дел од наставниот и административниот кадар на БАС.

Во текот на 2021 година, наставниот кадар на БАС објавил вкупно:

- 15 стручни трудови;
- 20 научни трудови;
- 3 научни трудови објавени во меѓународни списанија;
- 2 книги;
- 7 друго (статии, интервјуа и сл).

## НАСТАВЕН И АДМИНИСТРАТИВЕН КАДАР

### - Развивање на меѓусебна соработка и јакнење на тимскиот дух

Во текот на 2021 година БАС организираше неколку заеднички дружења со цел зајакнување на тимскиот дух, градење на заеднички вредности и развивање на поголема соработка меѓу кадарот.

Крајот на летниот семестар го обележавме со заедничко дружење во ресторан Извор, с. Манастирец, блиску Македонски брод.

Почетокот на зимскиот семестар, по повод успешно реализирани уписи, се организираше заеднички ручек на секоја локација посебно.

На почетокот на месец октомври беше реализирана тим билдинг активност. За локација на тим билдингот беше избран градот Охрид. Во рамките на активноста беше организирана тура со четриколки на падините на Галичица, возење со кајче, ручек во Св. Наум и престој во хотел Тино.

Традиционално по повод новогодишните празници се организираше заедничко дружење и посета на винаријата Стоби. За време на посетата од страна на домаќините беше организирана обиколка на винаријата, едукативно предавање и дегустација на најдобрите вина.

Исто така, по повод празникот Василица и оваа година се организираше кршење на лепче со паричка, а настанот се реализираше преку видеоконференциска врска заради влошената епидемиолошка состојба.

## БРЕНДИРАЊЕ И ПРОМОТИВНА КАМПАЊА

- **Ребрендирање**
- **Промотивна и продажна кампања**
- **Промотивни и други настани**

Во текот на 2021 година беа реализирани значителен број на промотивни активности кои резултираа со 100% исполнување на уписните квоти предвидени со конкурсот за уписи. За реализација на оваа цел се преземаа низа активности:

- Променета општата комуникациска порака;
- Креирано лого и комуникациска порака по повод јубилејот 30 години БАС БАС ИМ и ДЕТРА;
- Од 31.12.2021 година пуштена е во употреба нова веб страна која е достапна на bas.edu.mk;
- Успешно организирана и спроведена кампања за 50% попуст за упис до 01.03.2021 година
- Одржани предавања во средни училишта во Скопје и Битола – опфатени околу 1000 матуранти од средни училишта низ целата земја.
- Ре-структуирана школарина (намалена на 1300€/годишно со сите трошоци)
- Изработен репрезентативен материјал (тефтери, календари, пенкала и сл.)
- Онлајн обуки за наставници од средни училишта
- Изработени професионални видео-тестемонијали
- Реализирани кампањи „Во БАС на онлајн час“
- Реализирана продажна кампања „Ноември-месец на книгата во БАС“ со особено голем успех
- Реализирани giveaway кампањи

- Константно промовирање на студиите на далечина и можноста за трансфер
- Договорено е реализирање на 3-месечна радио кампања на Канал 77 за во 2022 година.
- Изработен албум со спомени (прв дел).
- Промоција на БАС во фудбалскиот клуб Пелистер.
- Изработка на концепт за Марили Бизнис Форум и обезбедување на 2 промотивни интервјуа за БАС;

На социјалните медиуми на БАС континуирано се објавуваат содржини наменети за целната публика, а истите се користат како главен канал за информирање на јавноста за настаните во организација на БАС: менаџерски муабети, натпревар за стипендии, конференција и сл.

Општото согледување е дека мора да се продолжи со инвестирање во промотивни активности и да се подигне свесноста за брендот на БАС кај целната публика.

## БРЕНДИРАЊЕ И ПРОМОТИВНА КАМПАЊА

### - Промотивни и други настани

- **НАТПРЕВАР ЗА СТИПЕНДИИ**

Натпреварот за стипендии за редовни студенти за студиската 2021/22 година се одржа во месеците март и април 2021 година, за која цел беше развиен, дизајниран и поставен вебсајт (stipendii.bas.edu.mk) каде потенцијалните кандидати имаа можност да одговорат на три менаџерски/бизнис предизвици. Распоредот за реализација на натпреварот и концептот на истиот се дадени во табелата во продолжение:

| | |
|---|---|
| **Комуникација и предлог датуми:** | 20.02-01.03.2021 Тизер кампања<br>01-21.03.2021 Кампања за пријава и пријави<br>21.03.2021-03.04.2021 Тек на олимпијадата<br>31.03.2021-06.04.2021 Прогласување на победници<br>06.04 – 14.04.2021 Потпишување на договори |
| **Концепт на натпреварот:** | Онлајн пријава и одвивање (индивидуално и/или тимски)<br>14 дена времетраење.<br>3 предизвици.<br>Решен предизвик испратен на мејл/вебсајт и презентација на ZOOM согласно потребите на предизвикот.<br>Ментор за предизвиците кои ќе ги комуницираат кандидатите. |

Од вкупно 80 пријавени, на сите предизвици одговорија вкупно 28 учесници, од кои 26 добија стипендии во износ од 10-80% од вкупната школарина. Од тие 28, стипендијата ја прифатија повеќе од 50% од кандидатите.

- **СИМПОЗИУМ**

Согласно концептуалната разработка за 7миот стручен симпозиум на БАС, истиот се одржа на 07 мај 2021 година, на кој учество зедоа преку 80 учесници во првиот дел и околу 40 учесници, во вториот, работниот дел. Настанот беше спроведен онлајн, со користење на видеконференциската платформа ЗУМ.

За комуникациските потреби за симпозиумот беше креиран вебсајт (simpozium.bas.edu.mk) преку кој се одвиваше целосната комуникација и пријавување на учесниците за самиот настан. По затворањето на периодот за пријавување (06.05.2021 23:59ч) вкупната бројка на пријавени изнесуваше 87 учесници.

Од нив, за целосната програма на симпозиумот беа пријавени 29, додека за учество само на работниот дел на симпозиумот беа пријавени 14. За панел дискусијата интересот беше најголем, каде бројот на пријавени изнесуваше 43.

Во поглед на пристигнатите трудови за стручниот симпозиум, вкупно 20 учесници ги испратија своите наслови и апстракти заклучно со крајниот рок за пријавување. Овие 20 апстракти беа објавени во зборник на апстракти кратко по реализацијата на настанот.

Со поздравен говор директорката на БАС, проф. д-р Маја Кузмановска го отвори настанот и ги поздрави присутните, по кој, водителот Илија Грујоски го означи почетокот на панел дискусијата и ги претстави панелистите.

Во знак на благодарност, организацискиот одбор за панелистите подготви плакети и симболични поклони кои по завршувањето на симпозиумот ги достави до истите.

Зборникот на трудови од симпозиумот е во својата финална фаза на изработка и наскоро ќе биде споделен со пријавените учесници.

- **ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДИПЛОМИ** – свечената манифестација доделување на дипломи традиционално се одржува крајот на март секоја година. Заради рестриктивните мерки кои беа воведени како резултат на ковид пандемијата, оваа година овој настан се одржа на 26 мај со видеоконференциска врска преку зум платформата.

Настанот го отвори директорката на БАС, проф. д-р Маја Кузмановска, а потоа со поздравен говор се обратија: претседателот на Студентското собрание – Тоше Атанасовски; претставник од редовните студенти – Предраг М. Клекачкоски; претставник од вонредните студенти – Томислав Добревски и претставник од студентите на постипломски студии – Емилија Русомарова. Потоа, поздравно

обраќање кон присутните имаше и проф. д-р Цветко Смилевски кој имаше чест да ги прогласи студентите кои се најдоа на директорската листа и студенти на кои БАС им додели посебно признание заради придонесот, а тоа се: Јулија Миткоска, Сара Мицевска, Андријана Гроздановска, Маргарита Аневска и Викторија Тасевска (од додипломските студии) и Анита Јанева од постдипломски студии. Предраг м. Клекачкоски доби признание за своето залагање и активно учество во афирмирање на БАС во јавноста. На настанот се доделија и три признанија и тоа:

- Признание за особен придонес во подготовките за основање и десетгодишно ефективно менаџирање на БАС за 2018 година на пред. м-р Горазд Смилевски;
- Признание за особен придонес во интензивирање и ефектуирање на соработката на БАС со бизнис заедницата во 209 година на проф. д-р Таип Јакупи;
- Признание за значителен придонес и посветеност во работењето за 2020 година на пред. м-р Иван Ѓорѓиевски.

- **ПРОМОЦИЈА НА ДЕЛАТА ЛИЧЕН МЕНАЏМЕНТ И ПРАКТИКУМ** од авторите проф. д-р Даниела Карадаков и проф. д-р Гордана Тасевска Овие две дела се во издание на Бизнис академија Смилевски БАС. Промоцијата се одржа на 30.06.2021 година преку онлајн конференциска врска под слоганот *„Посвети се на себе!“* Промотори беа проф. д-р Маја Кузмановска – директор на БАС, проф. д-р Цветко Смилевски, м-р Ана Салтирова Давидовски и м-р Дејан Маџовски – рецензенти на делата. Делата предизвикаа огромен интерес како кај студентите, така и кај пошироката јавност. За период од неполни 4 месеци целиот тираж од 200 примерока беше распродаден.

- **ПРВ АКАДЕМСКИ ЧАС –** и оваа година првиот академски час за студентите на прв циклус на студии се одржа со видеоконференциска врска преку зум платформата на двете локации Скопје/Битола одделно. На настанот учествуваа сите запишани студенти, наставниот и административниот кадар на БАС. Пред студентите беше презентирана студиската програма, начинот на работење во зимскиот семестар согласно онлајн протоколите, календарот на активности, информации за пракса како и административни обврски на студентите.
  Првиот академски час за студентите на втор циклус на студии се одржа со различен концепт на двете локации, и тоа: во Скопје настанот беше организиран со видеоконференциска врска, а во Битола просторните услови овозможија тој да се одржи со физичко присуство. И на овој настан со студентите беа споделени сите информации кои се неопходни пред почетокот на академската година.

- **СПОНЗОРСТВО НА НАСТАНИ –** БАС веќе неколку години активно се јавува во улога на спонзор на неколку настани и тоа:

- Бизнис кафе, како еден од главните спонзори и Жени Претприемнички, како дел од организацијата и дел од говорниците. Оваа година на настанот како главен говорник се појави проф. д-р Гордана Тасевска која одржа предавање на тема Личен менаџмент. Истовремено, на овие настани се доделуваа вредносни ваучери, книги и друг промотивен и репрезентативен материјал**.**
- камп на иновации организиран од страна на Џуниор ачивмент. За овој настан БАС обезбеди вредносни ваучери за студирање на првонаградените ученици во износ од 1500 Евра по ученик, 1000 Евра по ученик за второнаградените и 500 Евра по ученик за третонаградените ученици.

- **ДЕНОТ НА НАУКАТА**

Изминатата 2021 година конзорциумот БАС, БАС ИМ, ДЕТРА го обележи својот 30 годишен јубилеј. По тој повод се подготви акциски план со низа активности распоредени низ целата година. Еден од главните настани беше обележувањето на Светскиот ден на науката кој се одржа на 10 ноември во просториите на БАС во Битола. По повод овој светски ден БАС организираше панел дискусија на која како говорници учествуваа: проф. д-р Цветко Смилевски како директор на БАС ИМ проф. д-р Ленче Петреска ректор на Меѓународниот Славјански универзитет „Г.Р. Державин“, проф. д-р Добри Петрески, декан на Педагошкиот факултет, доц. д-р Невена Груевска, претседател на МНД Битола и м-р Никола Диковски претставник од регионалната стопанска комора на Битола. Настанот го модерираше проф. д-р Маја Кузмановска. Покрај панел дискусијата на настанот беа потпишани меморандуми за соработка и беа разменети печатени изданија помеѓу институциите.

## Компјутерска опрема и ИТ структура

Во текот на 2021 година беше изработен план за обнова и модернизација на ИТ опремата која ја користи академскиот кадар на БАС. Преку тој план, во месеците септември и октомври 2021 се набавени 9 лаптопи и ставени во функција.

Дополнително се набавени 13 лиценци за МС office, наменети за академскиот и административниот кадар.

Во просториите во БАС во Скопје е поставен специјализиран клауд сервер со намера за собирање и безбедно чување на снимки од онлајн одбрани на специјалистички трудови и други слични потреби на кадарот на БАС.

Од Март 2021 активно се работи на имплементација на целокупен административен и менаџмент софтвер за потребите на БАС и студиите кои се реализираат во БАС.

Од февруари 2021 година се употребува посебна платформа за Е-Маил (зохо) која го зголеми професионалниот имиџ и сајбер-безбедноста во работењето на БАС.

Порталите на БАС се тековно одржувани и освен некои ситни технички зафати, не претрпеа големи промени.

Во месец декември имаше пробив на серверот на БАС, кој беше откриен од ИТ администраторот и навремено отстранет, без посебни нарушувања на тековните оперативни процеси на БАС. Истовремено, истиот месец успешно е решен проблемот доменот и мајкрософт, а закупени се офис лиценци за потребите на кадарот. Со почетокот на летниот семестар, од 13.02.2022 година, БАС ќе изврши префрлување од ZOOM видео конференцискиот сервис кон сервисот на MS Teams.

## Наставнички совет

Во текот на 2021 година одржани се 21 седница на НС, од кои 12 редовни седници и 9 вонредни седници

## Инспекциски надзор

Во текот на 2021 година направени се 4 инспекциски надзори.

1. Редовен инспекциски надзор од страна на Државен просветен инспекторат за водење на матични и главни книги на прв и втор циклус на студии, надзорот е одржан на 28.01.2021 година. Врз основа на увидот констатирано е дека БАС нема неправилности во работењето и предметот се затвора.

2. Редовен инспекциски надзор од страна на Државен просветен инспекторат за спроведени постапки за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на БАС, надзорот е одржан на 26.04.2021 година. Врз основа на направениот увид, констатирано е дека не се утврдени никакви неправилности во работењето и предметоте се затвора.

3. Вонреден инспекциски надзор од страна на Државен просветен инспекторат за формирање и работење на Одбор за доверба со јавност кој е во согласност член 122 од ЗВО, надзорот е одржан на 02.11.2021 година. Врз основа на направениот увид, констатирано е дека не се утврдени никакви неправилности во работењето.

4. Редовен инспекциски надзор од страна на Државен просветен инспекторат за запишување на студенти во студиската 2021/2022 година, објавени кокурси и постапка за запишување на студенти, согласно член 149, 150 и 151 од ЗВО, надзорот е одржан на 14.12.2021 година. Врз основа на увидот констатирано е дека БАС нема неправилности во работењето и предметот се затвора.

## Финансиски преглед

Финансиската состојба во текот на 2021 година беше стабилна, а за тоа беа преземени следните чекори:

- Активирање на старите студенти на прв и втор циклус на студии и комплетирање на нивните школарини;
- Обезбедени и реализирани обуки за подобрување на вештините на учениците во стручното угостителско училиште во Охрид;
- Зголемување на процентот на активирање на студентите со долгови;
- Исполнета квота на прв и втор циклус на студии;
- Вклучени поголем број на лица на програмите за стручно образование пократко од три години (курсисти);
- Намалени трошоци по неколку основи;

Беа реализирани и неколку активности и внатрешни проекти во обласна на подобрување на ИТ инфраструктура (набавка на софтвер, одржување на платформите и веб страната, набавка на ИТ опрема за вработените, поддржани маркетинг активности, реализирани заеднички активности за градење на организациската култура, печатење на учебници, инвестирање во животно осигурување, исплатени стари заостанати долгови, исплатени сите обврски кон надворешните добавувачи, исплатен регрес на вработените, исплатени јубилејни награди на вработените.

На крајот од 2021 година обезбедени се средства од проектот Организациско учење и проектот ИПА со Грција кои ќе се реализираат во наредната година.

## Неостварени цели и активности

- Нецелосно развиен хибридниот модел на настава;
- Не е изготвена програма за работа на алумни организацијата;
- Не е обезбеден простор во Скопје;
- Не се обезбедени трајни решенија за избор на наставник во наставните области Компјутерска писмениот и Англиски јазик. Потребата за истите е направена со ангажирање на наставен кадар од други ВОУ.
- Заради епидемиолошката состојба и затвореност на здруженијата на лица со посебни потреби не е реализирана активноста склучување на меморандуми со овие здруженија. Со ова е одложена активноста за креирање на порака за овие лица.
- Наши наставници не учествуваат на натпреварот за стрчни училишта МАССУМ одржан во 2021 година, но обезбедено е учество на истиот за 2022 година;
- Не е изготвена светлосна реклама;

- Одложено е изработката на елаборатот за акредитирање на студиска програма на СМ на англиски јазик;
- Во тек е доработката на елаборат за акредитирање на студиската програма СМЧР на втор циклус на студии;
- КА220 (стратешки партнерства) одбиена апликација.

На сите нереализирани активности од 2021 година активно ќе се работи во 2021 година преку анализа на причините кои доведоа до нивно не реализирање.

**Директор на БАС**

**Проф. д-р Маја Кузмановска**

**Приватна непрофитна високообразовна установа**
**самостојна висока стручна школа**
**Бизнис академија Смилевски – БАС**
**Скопје**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ НА БАС ВО 2022 ГОДИНА

**февруари 2022, Скопје**

Согласно член 117 став 5 од Законот за високо образование (Службен весник на Р.М. бр.82/18), директорот на Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје на ден 21.02.2023 година до основачите и Наставничкиот совет на БАС го доставува следниов

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ НА БАС ВО 2022 ГОДИНА

## Вовед

Извештајот за работата на директорот на БАС опфаќа реализација на активности предвидени со едногодишната програма за работа, како и дополнителни активности кои се преземаа надвор од неа.

Изминатата 2022 година е уште една од поуспешните години на БАС. Се случија голем број на промени, се преземаа низа активности кои беа пролонгирани изминативе години заради објективни причини, а истите беа иницирани и предводени од страна на менаџерскиот тим, а поддржани од страна на целиот наставен и административен кадар. Промените се направија скоро во сите области, и тоа: настава и наставни активности, промотивна и продажна кампања, уписна политика, набавка на опрема, организациска култура и др.

Остварувањата на директорот за 2022 година се прикажани по подрачја, согласно сродноста на активностите кои при тоа се презедоа.

Функцијата директор ја врши проф. д-р Маја Кузмановска.

## НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

### - Реализирање и подобрување на квалитетот на наставата

- Наставата во текот на 2022 година се изведуваше навремено, согласно усвоената покриеност и предвидените распореди за настава, како за прв, така и за втор циклус на студии. Истата се реализираше со физичко присуство за редовните студенти и преку комбинираниот модел со помош на ZOOM платформата за вонредните студенти и постдипломците.
- Студентите кои беа запишани на студиската програмите Бизнис менаџмент и Маркетинг менаџмент на прв циклус на студии и Стратегиски менаџмент на втор циклус на студии имаа рок на завршување на наставните и административни обврски согласно законските обврски. Се активираа голем број на студенти како на прв, така и на втор циклус на студии и ги завршија заостанатите обврски.

- Беа ревидирани наставните групи на предмети согласно потребите за реализација на активните студиски програми;
- Беше спроведена интегрирана настава по сите наставни предмети на двете локации;
- Беа вклучени гости предавачи и афирмирани стручњаци од практиката по сите предмети;
- Беше организирана посета на час од страна на одговорното лице за настава во БАС со цел одржување на квалитетот и стилот на работење;
- Наставниците континуирано работаат на креирање на урнеци за проектни извештаи и усовршување на истите.

## НАСТАВНА ДЕЈНОСТ
### - Студиски програми

- Во октомври 2022 година за прв пат се активира нова студиска програма на прв циклус на студии по Маркетинг менаџмент. Елаборатот за акредитација на нова студиска програма по Стратегиски менаџмент на човечки ресурси на втор циклус на студии е поднесен до Агенција за квалитет во високото образование.

## НАСТАВНА ДЕЈНОСТ
### - Практична настава

Практичната настава на двете локации се одвиваше без поголеми проблеми. Програмата ПН 1 и бизнис лабораториските вежби се одвиваа со физичко присуство во просториите на БАС според предвидената програма. Програмите ПН 2 и ПН 3 се одвиваа со теренски посети на партнерсите организации.
Партнерски организации во кои се одвиваше практичната настава во 2022 година беа:

- БАС
- Сметководствено биро Алгоритам, Битола
- Де-ни мебел, Прилеп
- Регионална стопанска комора, Битола
- Синпекс, Битола
- Дани консалтинг, Битола
- Тера ТВ, Битола
- Автокомплекс Пржо,Битола
- Фустеларко Борец, Битола
- Боди М, Битола
- Унимарбле, Прилеп
- МАККОМ, Прилеп
- Бинтерн, Битола
- Евро Стил, Битола
- УНИ МАРБЛЕ, Прилеп
- Маркард Македонија, Велес

- Колекта НП, Скопје
- Виднет солушнс, Скопје
- Аитоникс, Скопје
- Јоопоне, Велес
- Кајгана медиа, Скопје
- Карго партнер, Скопје
- Сигма СБ компјутери, Скопје
- Макстил, Скопје
- Спортлајф обложувалници, Скопје
- Еуроимпекс, Скопје

Во текот на 2022 година беше збогатена листата на ПО со некои нови ПО и тоа:

- Фабрика за производство и рециклажа на пластични водоводни цевки ТЕА АНДРЕА, Прилеп
- Виднет солушнс, Скопје
- Карго-партнер логистикс, Скопје

Во однос на реализација, праксата се одвиваше без поголеми проблеми. Најголем дел од студентите навреме ги завршуваат своите обврски во поглед на административните задолженија поврзани со праксата, а оние кои не го прават тоа се соодветно санкционирани.
Практичната настава за вонредни студенти се одвиваше без проблеми. Најголемиот дел од студентите навремено ги доставуваа задачите за практична настава.

## СТУДЕНТИ

- **Број на запишани студенти на прв и втор циклус на студии**
- **Дипломирани студенти на прв и втор циклус на студии**

За студиската 2022/2023 година, согласно студиските програми, БАС во конкурсот имаше предвидено 85 слободни места за запишување на студиската програма по Бизнис менаџмент на прв циклус на студии, 85 слободни места за запишување на студиската програма по Маркетинг менаџмент на прв циклус на студии и 42 слободни места за запишување на студиската програма по Стратегиски менаџмент на втор циклус на студии.

- Пополнета е квотата на студиската програма по Бизнис менаџмент на прв циклус на студии 85 студенти и пополнета е квотата на втор циклус на студии 42 студенти. На студиската програма по Маркетинг менаџмент се запишаа 55 студенти. Вкупно студенти запишани на додипломските студии на двете студиски прогрми Бизнис менаџмент и Маркетинг менаџмент се 140 студенти.
- Во рамките на студиската програма на прв циклус на студии активно се вклучија учесници на програмите за стручно и професионално

усовршување и стручно образование пократко од три години кои ги реализираат програмите заедно со вонредните студенти.

- Зголемениот интерес се должи на поголемите вложувања во промотивни и продажни активности.

Во календарската 2022 година на БАС на прв циклус на студии, дипломирани се вкупно хх (_______) студенти на студиската програма по Бизнис менаџмент, а 30 (триесет) студенти на втор циклус на студии на студиската програма по Стратегиски менаџмент.

## СТУДЕНТИ

### - Избор и активирање на студентско собрание

На Бизнис Академија Смилевски во периодот од 15.03.2021 до 24.03.2021 беше распишан Конкурс за претседател и членови на Студентско собрание. Комисијата за избор конечната листа за членови на Студентско собрание на БАС ја објави на портал на 06.04.2021 година, а конечната листа на избраните членови од страна на комисијата беше објавена на 09.04.2021 година. Истиот месец беше поднесен Прелог Статут за Студентско собрание кој потоа беше усвоен на НС во месец мај. Студентското собрание на БАС брои 5 членови.

Мандатот на претседателот и на членовите на Студентското собрание на БАС трае 1 (една) година, со право на уште еден избор. Постапката за избор на студенски собрание претседател и членови треба да се распише од страна на Директорот на БАС околу 4/2023 година.

## СТУДЕНТИ

### - Еразмус+/соработки

Во текот на 2022 година, беа реализирани неколку значајни активности на полето на Еразмус+ програмата.

Од **outgoing мобилностите** се реализираа: 3 мобилности за кадар кај партнерите:

- ПАР Ријека, Хрватска во месец 02/2022
- Универзитет „Милтон Фридман“ Будимпешта, Унгарија, во месец 03/2022 и
- Факултет за деловни студии и право Белград, Србија, во месец 07/2022

Од **incoming мобилности** имавме посета од партнерите

- Универзитет „Милтон Фридман“ Будимпешта, Унгарија, во месец 05/2022 и
- Факултет за деловни студии и право Белград, Србија, во месец 11/2022
- College of business administration, Рига, Латвија во месец 05/2022

Во текот на 2022 беше поднесена една **апликации** и тоа:

- КА131 (индивидуални мобилности )- успешна за која е потпишан и договор за грант.

Во текот на 2022 година БАС воспостави соработка со ISLA college of business administration, Мадеира, Португалија.
Во подготовка за 2023 се следниве апликации

- КА131 индивидуални мобилности
- КА171 индивидуални мобилности со трети земји, со University college of business Tirana, Albania
- КА171 индивидуални мобилности со трети земји, со European University Tbilisi Georgia
- КА210 VET small scale partnership со Факултетот за деловни студии и право, Белград.

## СТУДЕНТИ

### - Кариерен центар

Кариерниот центар на БАС во текот на изминатата година спроведе повеќе активности:

- Во пресрет Велигденските празници, беше организиран Хуманитарен Велигденски базар, на плоштадот Магнолија во Битола. На истиот се продаваа рачно изработени украсни во симболот овој христијански празник кои што студентите членови на кариерниот центар со својата креативност самостојно ги изработија. Базарот имаше голема посетеност и на истиот се собраа финснсиски средства кои што се наменија за купување на потребни спортски реквизити за дечињата со попреченост од Заводот за рехабилитација Кочо Рацин во Битола.
- Членовите на Кариерниот центар на БАС го посетија саемот на книга во Битола, каде што се продаваа дел од изданијата на БАС.
- Во рамките на Кариерниот центар на БАС беше организирано предавање со нашите партнери НЛБ Банка и Кроациа осигурување-живот како дел од кампањата за Финансиско советување за банкарски и Осигурителни производи
- Нашите членови на Кариетниот центар активно учествува во презентирање на зелени претприемачки идеи за зелени бизниси во рамките на проектот организиран од Sfera во MladiHub, Битола.
- Во рамките на Кариерниот центар на BAS - Biznis Akademija Smilevski во Битола беше организирана средба со Europass Ambassador Кристијан Саламовски, каде што беше презентирана платформата Europass . Нашите студенти имаа можност да креираат  Europass Europe профили, и истите да ги стават во функција низ ЕУ програмите.

- Организиран хуманитарен предновогодишен базар под слоганот ,, Биди ТИ мојот Дедо Мраз".На базарот се продаваа лампиони и новогодишни украси кои студентите рачно ги изработија во текот на реализирање на програмските активности на Кариерниот центар. Оваа Хуманитарна акција да им ја посветимена дечињата без родители и децата ромчиња.
- Информативна презентација во БАС Скопје од страна на Кариера.мк за можностите кои ги нудат, како и нивната Кариера.мк студентска картичка.

Покрај наведените настани и активности, како дел од Кариерниот центар беше и споделување на информации во однос на огласи за: пракса, вработување, стипендии и сл.

## НАСТАВЕН И АДМИНИСТРАТИВЕН КАДАР

- **Професионално усовршување/обуки/работилници**
- **Објавени научни, стручни трудови, трудови со импакт фактор и публикации**

- Во 2022 година започна постапка за избор во звање на проф. д-р Дијана Ивановска Пржо, согласно член 173, 175 и 176 од ЗВО. Постапката на Дијана Ивановска Пржо заврши и од 11.09.2022 година д-р Дијана Ивановска Пржо е избрана во наставно звање професор на висока стручна школа за наставната област Економија и маркетинг.

- Постапката за пред. м-р Иван Ѓорѓиевски која беше започната во 2021 година заврши од 14.03.2022 година м-р Иван Ѓорѓиевски е избран во наставно звање виш предавач на висока стручна школа за наставната област Оперативен менаџмент

  Во текот на 2022 година, наставниот кадар на БАС објавил вкупно:

  - 30 научни и стручни трудови
  - 2 книги

## НАСТАВЕН И АДМИНИСТРАТИВЕН КАДАР

- **Развивање на меѓусебна соработка и јакнење на тимскиот дух**

Во текот на 2022 година БАС организираше неколку заеднички дружења со цел зајакнување на тимскиот дух, градење на заеднички вредности и развивање на поголема соработка меѓу кадарот.

Заедничките дружења беа оранизирани традиционално по повод 8 ми март.

Заеднички дружења беа и во рамките на јубилејните настани на Групацијата и шестатата меѓународна конференција во почетокот на ноември во БАС во Битола и Хотел ресторан Вила Виста.

Вработените на БАС преку тимска работа заеднички го креираа тимот кој го реализира проектот GEMS кој е дел од програмата ИПА - прегугранична соработка со Р.Грција.

Традиционално по повод новогодишните празници се организираше заедничко дружење по локации Скопје и Битола.

Исто така, по повод празникот Василица и оваа година се организираше кршење на лепче со паричка, а настанот се реализираше физички во БАС Битола и преку видеоконференциска врска со колегите од Скопје.

## БРЕНДИРАЊЕ И ПРОМОТИВНА КАМПАЊА

- **Промотивна и продажна кампања**
- **Промотивни и други настани**

- **ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА БРЕНДОТ**

Во текот на 2022 година беа реализирани значителен број на промотивни активности кои резултираа со 100% исполнување на уписните квоти предвидени со конкурсот за уписи. За реализација на оваа цел се преземаа низа активности:

- Кампања за ран упис на редовни студенти
- Кампања за ран упис на вонредни студенти
- Изработка на репрезентативен материјал (флаери, тефтери и украсни ќеси)
- Радио реклама на Канал 77
- Фотосесија и видео-тестемонијали
- Натпревар за стипендии
- Блог-статии од професори на вебсајтот на БАС
- Кампања за присуство во БАС на час
- Giveaway кампањи
- Кампањи за промоција на студии на далечина и трансфер на студенти
- Кампања на упис на редовни студенти со 5,00 успех
- Организирање на вебинар од серијалот „Менаџмент муабети"
- Панел-дискусија „Менаџерски муабети" во рамки на научната конференција
- Одбележување на јубилејот „30 години создаваме менаџери"
- Покровителство на настаните „Бизнис кафе Македонија"
- Присуство на бизнис форум во организација на македонско-бугарската стопанска комора
- Присуство на HR caffe настани во организација на МАЧР
- Учество на повеќе емисии на националните телевизии
- Покровителство со освежителен пункт на Wizz Air Скопски маратон
- Потпишан меморандум за соработка со Сојуз на стопански комори на Македонија
- Организирање промотивни забави во локалот „Љубовна куќичка" во Аеродром
- Поддршка на Фестивал на староградска музика Битола

- Поддршка на Широк сокак во бело 2022
- Поддршка на настан од Junior achievement Македонија преку учество во жири-комисија на професори од БАС
- Покровителство на Матурски бал Битола
- Покровители на Бизнис форум на агенција Марили
- Меморандум за соработка со средното училиште „Јахја Кемал“ Скопје

- **НАТПРЕВАР ЗА СТИПЕНДИИ**

Традиционално, БАС спроведе натпревар за стипендии во месеците март и април 2022та година под називот „Менаџерска Олимпијада“
Концептот на натпреварот беше следен:
1. Учесниците се пријавуваа онлајн на stipendii.bas.edu.mk
2. Пријавените учесници решаваа тест со неколку прашања во 2 дена
3. По решавањето на тестовите, пријавените беа интервјуирани со физички состаноци или онлајн
4. По завршувањата на делот со интервјуата, беа доделени стипендии.

На натпреварот се пријавија 70 учесници, од кои 49 ги завршија сите предвидени активности и предизвици со натпреварот. На крајот, на 38 кандидати им беа доделени стипендии по следниов редослед:
10% стипендија - 19 кандидати;
25% - 1;
30% - 7;
35% - 4;
40% - 2;
50% - 5;
Од понудените стипендии на 38 финалисти, прифатени се 6 стипендии.
Вкупна сума на доделени стипендии: 34.905ЕУР
Вкупна сума на искористени стипендии: 6435ЕУР.

- **КОНФЕРЕНЦИЈА**

На 3 – ти и 4 – ти Ноември 2022 г. се одржа седмата Меѓународна научна конференција „Современите менаџерски предизвици и организациските науки“ со предметен фокус: Академски и менаџерски предизвици, остварувања и научени лекции од земјите во транзиција кон пазарно стопанство.

Во рамките на конференцијата се одржа и Панел дискусија: Менаџерски муабети 5 –Претприемачка транзиција на која учесници беа: Трајан Ангелоски, претседател на Сојуз на стопански комори на Македонија, Наташа Несторовска, член на УО на а.д Стопанска Банка Битола, Христина Фуна, соспственик и финансиски менаџер на Синпекс Битола, Благоја Стојчевски, сосопственик и менаџер на ТИМОД Тим ДОО Битола.

Вкупниот број на пријавени трудови на конференцијата е 44, од кои три беа презентирани во Пленарниот дел, а 41 во рамките на четири форуми, кои оваа година се нова форма на презентирање на конференциските трудови. Истите се објавени во Зборник на трудови објавен на веб страните на БАС и БАС ИМ. Оваа година покрај ученици од нашата држава, значајно беше учеството и на учесници од Унгарија, Србија, Косово, Албанија и Босна и Херцеговина. Конференцијата имаше забележана медиумска покриеност.

- **ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДИПЛОМИ –**

Место на одржување на настанот: Битола

Време на одржување на настанот: 7 мај 2022 година

Цел на настанот: Свечено доделување на дипломите за 2022 год, промоција на БАС

Тим на за организирање на настанот: Сите постојано вработени наставници и академската служба на БАС.

Главен менаџер за организирање на настанот: проф. д-р Гордана Тасевска

Тек на настанот:

Пред настанот: Настанот се организираше 12 месеци. Административната служба даде податок на дипломанити кои ги завршија своите студии на прв и втор циклус на заклучно со 31.12.2021 год - вкупно 107 на ДДС ( 104 подготвени за самиот настан плус 3 дипломи подигнати по итна постапка). И 67 дипломанти на ПДС. Според бројот на дипломанти и ковид мерките разгледувани сите можности околу времето и местото на организирање. Се одлучи тоа да биде Народен театар – Битола, на 7.05.2022 год. Објектот располага со 300 места според претходните критериуми. Финансискиот буџет беше определен според финансискиот план на БАС.

За време на настанот: Текот на настанот се настанот се одвиваше според сценариото и програмата. Прв на настанот се обрато Директорот на Академијата. Се доделија дипломите на завршените дипломанти. На настанот се обрати и претставник на студентите. Исто така на истиот се обрати и Заменик директорот во име на наставниот кадар на БАС. На настанот беа доделени и посебни признанија на:

- Божидар Николовски, Ангела Стојановска, ПАРАШКЕВА ЃОРЃИЕВСКА ИМЕТОВСКИ, ДИМЧЕ ВЕЛЈАНОВ за студенти кои се најдоа на директорската листа од првиот циклус на студии
- Светлата Маљушовска и Татјана Анѓушева Страхилов за студенти кои се најдоа на директорската листа од вториот циклус на студии

Доделени се благодарници на две партнерски организации: ЕВРОСТИЛ – Битола и КОНСАЛТИНГ ИНТЕР ГРУП – Скопје

Доделени се признанија на студенти на директорска листа според одлуката на Наставничкиот совет.

По настанот: Направена е ревизија во однос на искористениот финансиски буџет за настанот: Од планираниот финансиски буџет, искористените средства се за 8,2%

ПОМАЛИ. Фотографирање и снимање на настанот финансиски е покриен од студентите дипломанти во склоп на нивното фотографирање за таблото и изработка на истото.

- **ПРВ АКАДЕМСКИ ЧАС –** оваа година првиот академски час за студентите на прв циклус на студии се одржа со физичко присуство на двете локации Скопје/Битола одделно. На настанот учествуваа сите запишани студенти, наставниот и административниот кадар на БАС. Пред студентите беше презентирана студиската програма, начинот на работење во зимскиот семестар, календарот на активности, информации за пракса како и административни обврски на студентите.
  Првиот академски час за студентите на втор циклус на студии се одржа исто така со физичко присуство на двете локации. И на овој настан со студентите беа споделени сите информации кои се неопходни пред почетокот на академската година.

## Компјутерска опрема и ИТ структура

Развиен нов вебсајт: https://www.bas.edu.mk пуштен во употреба во јануари 2022 година.
Развиен нов вебсајт: https://basim.edu.mk пуштен во употреба во јуни 2022 година.
Набавена нова опрема за компјутерска лабораторија во Скопје: 10 лаптопи со солидна конфигурација (i3, 8gb ram, 256 NVMe HDD, 14’) со лиценциран оперативен систем и MS Office.
Пренос на стариот портал (генерации 2010-2018) на нов сервер и ефективно намалување на онлајн инфраструктурата.
Воспоставување и отпочнување со работа на софтверот во деловите: Оценки и финансии за студенти.
Набавени нови принтери за Скопје и Битола по пониска цена од понудената и повеќе можности и капацитети на истата.
Инсталиран дополнителен рутер (Access point) за подобро покритие со WiFi мрежа во Скопје.
Набавен видео проектор за Битола.
Сеуште не е решен проблемот со мрежното поврзување во Битола.

## Наставнички совет

Во текот на 2021 година одржани се 16 седница на НС, од кои 12 редовни седници и 4 вонредни седници

## Инспекциски надзор

Во текот на 2022 година направени се 3 инспекциски надзори.

1. Редовен инспекциски надзор од страна на Државен просветен инспекторат за водење на матични и главни книги на прв и втор циклус на студии, надзорот е одржан на 16.02.2022 година. Врз основа на увидот констатирано е дека БАС нема неправилности во работењето и предметот се затвора.

2. Редовен инспекциски надзор од страна на Државен просветен инспекторат за следење на состојбата на високообразовните установи за поседување на решенија за акредитација на студиски програми и решенија за почеток со работа на студиски програми сочласно член 48, 69 и 145 од Законот за високо образование. Врз основа на направениот увид, констатирано е дека не се утврдени никакви неправилности во работењето.

3. Редовен инспекциски надзор од страна на Државен просветен инспекторат за услови за основање на самостојна високообразовна установа, согласно член 61 став 3 и став 4 од Законот за високо образование. Врз основа на увидот констатирано е дека БАС нема неправилности во работењето и предметот се затвора.

## Финансиски преглед

Финансиската состојба во текот на 2022 година беше стабилна, а за тоа беа преземени следните чекори:

- Запишување на поголем број на студенти заради стартувањето на новата студиска програма по Маркетинг менаџмент.
- Продолжување со активирање на старите студенти на прв и втор циклус на студии и комплетирање на нивните школарини;
- Обезбедени и реализирани обуки во рамките на проектот Организациско учење: во Кромберт и Шуберт Битола, ДЕНИ мебел во Прилеп, Кривогаштани Гурмано во Прилеп (кои се во завршна фаза и продолжува 2023),
- Обезбедени обуки по Каталог во ЕВН - ќе се реализираат во 2023 година.
- Зголемување на процентот на активирање на студентите со долгови;
- Вклучени поголем број на лица на програмите за стручно образование пократко од три години (курсисти);
- Намалени трошоци по неколку основи;

Беа реализирани и неколку активности и внатрешни проекти во областа на подобрување на ИТ инфраструктура- набавка на ИТ опрема и во Скопје и во Битола,
- поддржани маркетинг активности, реализирани заеднички активности за градење на

организациската култура, печатење на учебници, инвестирање во животно осигурување, исплатени стари заостанати долгови, исплатени сите обврски кон надворешните добавувачи, исплатен регрес на вработените, исплатени јубилејни награди на вработените.
Оваа 2023 година се очекува поголем прилив на финансиски средства од: школарините на студентите, проектот ИПА, компаниските обуки и ново аплицираните проекти од Групацијата.

## Неостварени цели и активности

- Нецелосно развиен хибридниот модел на настава;
- Не е изготвена програма за работа на алумни организацијата;
- Не е обезбеден простор во Скопје;
- Не се обезбедени трајни решенија за избор на наставник во наставните области Компјутерска писмениот и Англиски јазик. Потребата за истите е направена со ангажирање на наставен кадар од други ВОУ.
- Не е изготвена светлосна реклама;

На сите нереализирани активности од 2022 година активно ќе се работи во 2023 година преку анализа на причините кои доведоа до нивно не реализирање.

**Директор на БАС**

**Проф. д-р Маја Кузмановска**

**Приватна непрофитна високообразовна установа**
**самостојна висока стручна школа**
**Бизнис академија Смилевски – БАС**
**Скопје**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ НА БАС ВО 2023 ГОДИНА

**март 2023, Скопје**

Согласно член 117 став 5 од Законот за високо образование (Службен весник на Р.М. бр.82/18), директорот на Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје на ден 20.03.2024 година до основачите и Наставничкиот совет на БАС го доставува следниов

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ НА БАС ВО 2023 ГОДИНА

## Вовед

Извештајот за работата на директорот на БАС опфаќа реализација на активности предвидени со едногодишната програма за работа, како и дополнителни активности кои се преземаа надвор од неа.

Изминатата 2023 година е уште една од поуспешните години на БАС. Се случија голем број на промени, се преземаа низа активности кои беа пролонгирани изминативе години заради објективни причини, а истите беа иницирани и предводени од страна на менаџерскиот тим, а поддржани од страна на целиот наставен и административен кадар. Промените се направија скоро во сите области, и тоа: настава и наставни активности, промотивна и продажна кампања, уписна политика, набавка на опрема, организациска култура и др.

Остварувањата на директорот за 2023 година се прикажани по подрачја, согласно сродноста на активностите кои при тоа се презедоа.

Функцијата директор ја врши проф. д-р Маја Кузмановска.

## НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

### - Реализирање и подобрување на квалитетот на наставата

- Наставата во текот на 2023 година се изведуваше навремено, согласно усвоената покриеност и предвидените распореди за настава, како за прв, така и за втор циклус на студии. Истата се реализираше со физичко присуство за редовните студенти и преку комбинираниот модел со помош на ZOOM платформата за вонредните студенти и постдипломците.
- Студентите кои беа запишани на студиската програмите Бизнис менаџмент и Маркетинг менаџмент на прв циклус на студии како и Стратегиски менаџмент и Стратегиски менаџмент на човечки ресурси на втор циклус на студии имаа рок на завршување на наставните и административни обврски согласно законските регулативи и нормартивните акти на БАС. Се активираа голем број на студенти како на прв, така и на втор циклус на студии и ги завршија заостанатите обврски.

- Беа ревидирани наставните групи на предмети согласно потребите за реализација на активните студиски програми;
- Беа вклучени гости предавачи и афирмирани стручњаци од практиката по сите предмети;
- Беше организирана посета на час од страна на одговорното лице за настава во БАС со цел одржување на квалитетот и стилот на работење;
- Наставниците континуирано работаат на подобрување на урнеците за проектни извештаи .

## НАСТАВНА ДЕЈНОСТ
### - Студиски програми

- Во ноември 2023 година за прв пат се активира нова студиска програма на втор циклус на студии по Стратегиски менаџмент на човечки ресурси. Елаборатите за реакредитација на студиска програма по Бизнис менаџмент на прв циклус и Стратегиски менаџмент на втор циклус на студии е поднесен до Агенција за квалитет во високото образование.

## НАСТАВНА ДЕЈНОСТ
### - Практична настава

Практичната настава на двете локации се одвиваше без поголеми проблеми. Програмата ПН 1 и бизнис лабораториските вежби се одвиваа со физичко присуство во просториите на БАС според предвидената програма. Програмите ПН 2 и ПН 3 се одвиваа со теренски посети на партнерсите организации.
Партнерски организации во кои се одвиваше практичната настава во 2023 година беа:

- БАС
- Сметководствено биро Алгоритам, Битола
- Де-ни мебел, Прилеп
- Регионална стопанска комора, Битола
- Синпекс, Битола
- ZODI Internacional
- Алгоритам
- Футура Прилеп
- Теа Андреа- Прилеп
- НВО,Младите за промена
- Асоцијација за уметници- Алексовски
- Nova Solutions
- Дани консалтинг, Битола
- Тера ТВ, Битола
- Автокомплекс Пржо,Битола
- Фустеларко Борец, Битола
- Боди М, Битола

- Унимарбле, Прилеп
- МАККОМ, Прилеп
- Бинтерн, Битола
- Евро Стил, Битола
- УНИ МАРБЛЕ, Прилеп
- Маркард Македонија, Велес
- Колекта НП, Скопје
- Виднет солушнс, Скопје
- Аитоникс, Скопје
- Јоопоне, Велес
- Кајгана медиа, Скопје
- Карго партнер, Скопје
- Сигма СБ компјутери, Скопје
- Макстил, Скопје
- Спортлајф обложувалници, Скопје
- Еуроимпекс, Скопје
- Сара фешн, Скопје
- Нобел, Скопје
- Унипрес, Скопје
- Оне брокер, Скопје
- Пазел конекшн, Скопје
- Консалтинг интер груп, Скопје

Во текот на 2023 година беше збогатена листата на ПО со некои нови ПО и тоа:

- P.I.C.Co, Скопје
- Nobel, Скопје
- Унипрес, Скопје
- Витанова, Скопје
- One broker, Скопје

Во однос на реализација, праксата се одвиваше без поголеми проблеми. Најголем дел од студентите навреме ги завршуваат своите обврски во поглед на административните задолженија поврзани со праксата, а оние кои не го прават тоа се соодветно санкционирани.
Практичната настава за вонредни студенти се одвиваше без проблеми. Најголемиот дел од студентите навремено ги доставуваа задачите за практична настава.

## СТУДЕНТИ

- **Број на запишани студенти на прв и втор циклус на студии**
- **Дипломирани студенти на прв и втор циклус на студии**

За студиската 2023/2024 година, согласно студиските програми, БАС во конкурсот имаше предвидено 85 слободни места за запишување на студиската

програма по Бизнис менаџмент на прв циклус на студии, 85 слободни места за запишување на студиската програма по Маркетинг менаџмент на прв циклус на студии, 42 слободни места за запишување на студиската програма по Стратегиски менаџмент  и 42 слободни места за запишување на студиската програма по Стратегиски менаџмент 42 слободни места за запишување на студиската програма по Стратегиски менаџмент на човечки ресурси на втор циклус на студии.

- Пополнета е квотата на студиската програма по Бизнис менаџмент на прв циклус на студии 85 студенти и пополнета е квотата на втор циклус на студиската програма Стратегиски менаџмент на студии 42 студенти и 38 студенти на студиската програма Стратегиски менаџмент на човечки ресурси или вкупно 80 студенти. На студиската програма по Маркетинг менаџмент се запишаа 48 студенти. Вкупно студенти запишани на додипломските студии на двете студиски прогрми Бизнис менаџмент и Маркетинг менаџмент се 133 студенти.
- Во рамките на студиската програма на прв циклус на студии активно се вклучија учесници на програмите за стручно и професионално усовршување и стручно образование покрактко од три години кои ги реализираат програмите заедно со вонредните студенти.
- Зголемениот интерес се должи на поголемите вложувања во промотивни и продажни активности.

Во календарската 2022/2023 година на БАС на прв циклус на студии, дипломирани се вкупно 69 студенти, а 14студенти на втор циклус на студии.

## СТУДЕНТИ

### - Еразмус+/соработки

Во текот на 2023 година, беа реализирани неколку значајни активности на полето на Еразмус+ програмата.

Од **outgoing мобилностите** се реализираа: 2 мобилности за кадар и една мобилност за студенти кај партнерите:

- Универзитет во Ново Место, Словенија во месец 05/2023
- Универзитет Унион Никола Тесла, Србија во месец 09/2023
- Универзитет Бахчешир Фондација (БАУ), Турција, во период од септември 2023 до февруари 2024

Од **incoming мобилности** имавме посета на кадар од партнерите

- ISLA college of business administration, Мадеира, Португалија.
- Токат Газиосманпаша Универзитет од Токат, Турција

Во текот на 2022-2023 беа поднесени четири **апликации** и тоа:

- КА131 индивидуални мобилности

- KA171 индивидуални мобилности со трети земји, со University college of business Tirana, Albania
- KA171 индивидуални мобилности со трети земји, со European University Tbilisi Georgia
- KA210 VET small scale partnership со Факултетот за деловни студии и право, Белград.

Од поднесените апликации, доделени се KA131 и KA210-VET апликациите кои се реализираат во периодот од 2023-2024 година.

## СТУДЕНТИ

### - Кариерен центар

Кариерниот центар при Бизнис академија Смилевски – БАС Битола во 2023 година организираше доста настани/обуки и предавања се со цел да ги вклучи своите студенти во различни активности за нивно кариерно унапредување, запознавање со новостите во светот, можностите, потенцијалите но и проширување на нивните видици за тоа каде можат да бидат во иднина.

Кариерниот центар при Бизнис академија Смилевски навистина многу вложува во своите студенти така што во 2023 година беа организирани повеќе настани во склоп на кариерниот центар во Битола, а некои од позначајните беа:

Обука за врснички едукатори за ментално здравје каде учествуваа наши студенти,

Обука за намалување на дигиталната сиромаштија каде студентите изработуваа постери на тема "Стоп на насилството врз жените" каде нашите студенти со нивниот изработен постер освоија 2ро место на општинското натпреварување со што се пробуди нивниот натпреварувачки дух, својот потенцијал го доведоа до максимум благодарение на желбата за победа, но и се вмрежија како вистински тим кој има само една цел, потоа

студентите учествуваа и на предавањето за активните мерки на државата за младите луѓе каде им беше презентирано кои можности, шанси и алтернативи ги имаат по завршувањето на студиите.

Исто така кариерниот ценатр при Бизнис академија Смилевски голема важност му дава на менталното здравје на своите студенти па така беше организирано и предавање на тема "Слобода еднаквост и правда за сите" кое беше **одржано од страна на др. Сашо Кочанковски докториран психолог и Гешталт терапевт кој на еден одличен начин преку интерактивна работицница овозможи да студентите имаат можност да научат многу нови работи, да ги искажат своите ставови преку интерактивни игри и да добијат заклучок што во суштина претставуваат човековите права кои самите ги имаат и каде истите треба да ги побараат доколку почувствуваат дека истите им се нарушени, исто така**

**еден од позначајните настани кои беше организиран во склоп на Кариерниот ценатр на БАС е новогодишниот базар каде благодарение на собраните пакетчиња имавме можност да ги израдуваме** дечињата со посебни потреби, деца без родители и деца од загрозени семејства **и многу други.**

Покрај наведените настани и активности како дел од Кариерниот центар беше и споделување на информации во однос на огласи за: пракса, вработување, стипендии и сл.

## НАСТАВЕН И АДМИНИСТРАТИВЕН КАДАР

- **Професионално усовршување/обуки/работилници**
- **Објавени научни, стручни трудови, трудови со импакт фактор и публикации**

Во текот на 2023 година, наставниот кадар на БАС објавил повеќе научни и стручни трудови. Поконкретно:

1) Galovska B., Profesional development of human resources at non-managerial and managerial positions-the impact on organizational development, Medzunarodna naucna konferencija Mediji I ekonomija, International Scientific Conference Media and Ekonomy, Banjaluka, 2023, ISSN 2566-4697 print, ISSN 2744-1822 (online), 23 septembar, 2023

2) Galovska B.,Petrovska B.,Online teaching or teaching with physical presence-attitude of students from different study programs,(Онлине настава или настава со физичко присуство-став на студентите од различни студиски програми),Seventh international scientific conference, Conterporary management challenges and organizational sciences, Academic managerial challenges,achievements and lessons learned in countries transitioning towards market economy, Bas Institut of management, Biznis academy Smilevski, November 2022, Bitola 2023

Иван Ѓорѓиевски:

Два труда во рамки на докторските студии, необјавени во зборници

Настап на конференција во Рига како keynote speaker

1.Стефановска Л., Зенку И., Солунчевски М., ФОРМУЛИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА VS ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈА, Зборник а трудови од седмата меѓународна научна конференција Современите менаџерски предизвици и организациските науки, стр. 79 – 87,

2. Зенку И., Стефановска Л., BURNOUT СИНДРОМОТ КАЈ ВРАБОТЕНИТЕ КАКО ПРЕЧКА ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКИТЕ ЦЕЛИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, Зборник а трудови од седмата меѓународна научна конференција Современите менаџерски предизвици и организациските науки, стр. 79 – 87,

Трудовите се објавени во 2023 година во Зборникот од седмата Конференција.

Размената на наставен кадар Еразмус мобилности во Ново Место Словенија – Лидија Стефановска
Обука за Маркетинг на социјални медиуми и пребарувачи – Дијана Ивановска Пржо

Во рамките на ИПА проектот Г.ЕМ.С: Стимулирање на зелените вработувања се вградија компетенциите на кадарот и студентите на БАС и се изработија голем број стратегиски документи: една регионална стратегија за транзиција на зелената економија за Пелагонискиот регион 2024-2027, 10 организациски стратегии, над 10 бизнис планови за младите и студентите за активирање на сопствени зелени бизниси, 15 апликации за финансиска помош на бизнис секторот и 4 систематизации со кои се стимулираат зелените вработување. Нашето искуство ќе биде трансферирано и во идните ИПА проекти со меѓународните партнери од Република Грција чии резултати се очекуваат во наредните неколку години

Добиен проект во рамките на Еразмус плус програмата - К2 со наслов „Создавање на проект менаџери“ во партнерство со нашите соработници од Белград: FITI и FPSP.

## НАСТАВЕН И АДМИНИСТРАТИВЕН КАДАР

- **Развивање на меѓусебна соработка и јакнење на тимскиот дух**

Во текот на 2023 година БАС организираше неколку заеднички дружења со цел зајакнување на тимскиот дух, градење на заеднички вредности и развивање на поголема соработка меѓу кадарот.
Заедничките дружења беа оранизирани традиционално по повод 8 ми март.

Вработените на БАС преку тимска работа заеднички го креираа тимот кој го реализира проектот GEMS кој е дел од програмата ИПА - прегугранична соработка со Р.Грција.

Традиционално по повод новогодишните празници се организираше заедничко дружење по локации Скопје и Битола.

Исто така, по повод празникот Василица и оваа година се организираше кршење на лепче со паричка, а настанот се реализираше физички во БАС Битола и преку видеоконференциска врска со колегите од Скопје.

## БРЕНДИРАЊЕ И ПРОМОТИВНА КАМПАЊА

- **Промотивна и продажна кампања**
- **Промотивни и други настани**

- **ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА БРЕНДОТ**

Во текот на 2023 година беа реализирани значителен број на промотивни активности кои резултираа со 100% исполнување на уписните квоти предвидени со конкурсот за две од четирите студиски програми. За реализација на оваа цел се преземаа низа активности:

- Кампања за ран упис на редовни студенти
- Кампања за ран упис на вонредни студенти
- Изработка на репрезентативен материјал (флаери, тефтери и украсни ќеси)
- Радио реклама на Канал 77
- Фотосесија и видео-тестемонијали
- Натпревар за стипендии
- Блог-статии од професори на вебсајтот на БАС
- Кампања за присуство во БАС на час
- Giveaway кампањи
- Кампањи за промоција на студии на далечина и трансфер на студенти
- Кампања на упис на редовни студенти со 5,00 успех
- Организирање на вебинар од серијалот „Менаџмент муабети“
- Панел-дискусија „Менаџерски муабети“ во рамки на научната конференција
- Покровителство на настаните „Бизнис кафе Македонија“
- Присуство на бизнис форум во организација на македонско-бугарската стопанска комора
- Модерирање на бизнис форумот организиран од Марили агенцијата
- Присуство на HR caffe настани во организација на МАЧР
- Учество на повеќе емисии на националните телевизии
- Покровителство со освежителен пункт на Wizz Air Скопски маратон
- Потпишан меморандум за соработка со нови партнерски организации
- Поддршка на Фестивал на староградска музика Битола
- Поддршка на Широк сокак во бело 2022
- Покровителство на Матурски бал Битола
- Покровители на Бизнис форум на агенција Марили
- Организирање на промотивна кампања низ училиштата во повеќе градови

**НАТПРЕВАР ЗА СТИПЕНДИИ**

Традиционално, БАС спроведе натпревар за стипендии во месеците март и април 2022та година под називот „Менаџерска Олимпијада“ Концептот на натпреварот беше следен:

1. Учесниците се пријавуваа онлајн на stipendii.bas.edu.mk
2. Пријавените учесници решаваа тест со неколку прашања во 2 дена
3. По решавањето на тестовите, пријавените беа интервјуирани со физички состаноци или онлајн
4. По завршувањата на делот со интервјуата, беа доделени стипендии.

На натпреварот се пријавија 70 учесници, од кои 49 ги завршија сите предвидени активности и предизвици со натпреварот. На крајот, на 38 кандидати им беа доделени стипендии по следниов редослед:
10% стипендија - 19 кандидати;
25% - 1;
30% - 7;
35% - 4;
40% - 2;
50% - 5;
Од понудените стипендии на 38 финалисти, прифатени се 6 стипендии.
Вкупна сума на доделени стипендии: 34.905ЕУР
Вкупна сума на искористени стипендии: 6435ЕУР.

**ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДИПЛОМИ**

- Место на одржување на настанот: Офицерски дом Битола
- Време на одржување на настанот: 13 мај 2023 година
- Цел на настанот: Свечено доделување на дипломите за 2023 год, промоција на БАС
  Тим на за организирање на настанот: Сите постојано вработени наставници и академската служба на БАС.
- Главен менаџер за организирање на настанот: проф. д-р Гордана Тасевска
  Тек на настанот:
- Пред настанот: Настанот се организираше 12 месеци. Административната служба даде податок на дипломанити кои ги завршија своите студии на прв и втор циклус на заклучно со 31.12.2022 Финансискиот буџет беше определен според финансискиот план на БАС.
- За време на настанот: Текот на настанот се настанот се одвиваше според сценариото и програмата. Прв на настанот се обрато Директорот на Академијата. Се доделија дипломите на завршените дипломанти. На настанот се обрати и претставник на студентите. Исто така на истиот се обрати и Заменик директорот во име на наставниот кадар на БАС. На настанот беа доделени и посебни признанија на:
- - студенти кои се најдоа на директорската листа од првиот циклус на студии
- - студенти кои се најдоа на директорската листа од вториот циклус на студии
- - доделени се благодарници на партнерски организации

- По настанот: Направена е ревизија во однос на искористениот финансиски буџет за настанот:

  **ПРВ АКАДЕМСКИ ЧАС –** оваа година првиот академски час за студентите на прв циклус на студии се одржа со физичко присуство на двете локации Скопје/Битола одделно. На настанот учествуваа сите запишани студенти, наставниот и административниот кадар на БАС. Пред студентите беше презентирана студиската програма, начинот на работење во зимскиот семестар, календарот на активности, информации за пракса како и административни обврски на студентите.

  Првиот академски час за студентите на втор циклус на студии се одржа исто така со физичко присуство на двете локации. И на овој настан со студентите беа споделени сите информации кои се неопходни пред почетокот на академската година.

## Компјутерска опрема и ИТ структура

Воспоставување и ефективно отпочнување со работа на софтверот во деловите: Оценки и финансии за студенти.
Развиен нов електронски портал https://lms.bas.edu.mk кој нуди директна интеграција со софтверот Кластер.
Зголемена ажурност и употреба на софтверот.
Набавен 1 лаптоп за вработените.
Преку проектот ГЕМС набавени 12 лаптопи, 2 интерактивни табли, 1 печатач, 1 голем ТВ за конференциска сала і 1 видео бим

Сеуште не е решен проблемот со мрежното поврзување во Битола.

## Наставнички совет

Во текот на 2023 година одржани се 16 седница на НС, од кои 12 редовни седници и 4 вонредни седници

## Инспекциски надзор

Во текот на 2023 година направени се 2 инспекциски надзори.

1. Редовен инспекциски надзор кој се реализираше на 27.10. и 02.11.2023 година од страна на Државен просветен инспекторат во просториите на Бизнис академија Смилевски БАС во Скопје со предмет на надзорот: Запишување на студенти на прв

циклус на студии и водење на матична книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти на прв циклус на студии во академската 2023/2024 година. Врз основа на увидот констатирано е дека БАС нема неправилности во работењето и предметот се затвора.

2. Редовен инспекциски надзор кој се реализираше на 11.12.2023 година од страна на Државен просветен инспекторат во просториите на Бизнис академија Смилевски БАС во Скопје со предмет на надзорот: Водење на матична книга за запишани студенти на втор циклус на студии и главна книга на дипломирани студенти согласно законот за високо образование и Правилникот за водење на матична и главна книга за втор циклус на студии во академската 2023/2024 година. Врз основа на увидот констатирано е дека БАС нема неправилности во работењето и предметот се затвора.

3. Редовен инспекциски надзор од страна на Државен просветен инспекторат за услови за основање на самостојна високообразовна установа, согласно член 61 став 3 и став 4 од Законот за високо образование. Врз основа на увидот констатирано е дека БАС нема неправилности во работењето и предметот се затвора.

## Финансиски преглед

Финансиската состојба во текот на 2023 година беше стабилна, а за тоа беа преземени следните чекори:

- Запишување на поголем број на студенти заради стартувањето на новата студиска програма по Маркетинг менаџмент и СМЧР

- Продолжување со активирање на старите студенти на прв и втор циклус на студии и комплетирање на нивните школарини;

- Ангажирање на наплатата на должниците.

- Обезбедени и реализирани обуки во рамките на проектот Организациско учење: во Кромберт и Шуберт Битола, ДЕНИ мебел во Прилеп, Кривогаштани Гурмано во Прилеп

- Обезбедени обуки по Каталог во ЕВН

- Вклучени поголем број на лица на програмите за стручно образование пократко од три години (курсисти);

- Намалени трошоци по неколку основи;

Беа реализирани и неколку активности и внатрешни проекти во областа на подобрување на ИТ инфраструктура- набавка на ИТ опрема и во Скопје и во Битола,
- поддржани маркетинг активности, реализирани заеднички активности за градење на организациската култура, печатење на учебници, инвестирање во животно осигурување, исплатени стари заостанати долгови, исплатени сите обврски кон надворешните добавувачи, исплатен регрес на вработените, исплатени јубилејни награди на вработените.

2023 заврши со подобри финансиски резултати од 2022. Сите финансиски проекции се потврдија за реални и помогнаа во успешно менаџирање на Академијата.

Оваа 2024 година се очекува поголем прилив на финансиски средства од: школарините на студентите, проектот ИПА, компаниските обуки и ново аплицираните проекти од Групацијата.

## Неостварени цели и активности

- Не е изготвена програма за работа на алумни организацијата;
- Не е обезбеден простор во Скопје;
- Не се обезбедени трајни решенија за избор на наставник во наставните области Маркетинг. Потребата за истите е направена со ангажирање на наставен кадар од други ВОУ.

На сите нереализирани активности од 2023 година активно ќе се работи во 2024 година преку анализа на причините кои доведоа до нивно не реализирање.

**Директор на БАС**

**Проф. д-р Маја Кузмановска**

**Приватна непрофитна високообразовна установа**
**самостојна висока стручна школа**
**Бизнис академија Смилевски – БАС**
**Скопје**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ НА БАС ВО 2024 ГОДИНА

**февруари 2025, Скопје**

Согласно член 117 став 5 од Законот за високо образование (Службен весник на Р.М. бр.82/18), директорот на Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје на ден XXXX година до основачите и Наставничкиот совет на БАС го доставува следниов

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ НА БАС ВО 2024 ГОДИНА

## Вовед

Овој извештај ја прикажува работата на директорот на Бизнис Академија Смилевски (БАС) во текот на календарската 2024 година, анализирајќи ги клучните аспекти на раководењето со институцијата, донесените одлуки и нивното влијание врз академскиот, административниот и финансискиот развој.

Со оглед на фактот дека до 1 август 2024 година функцијата директор ја извршуваше проф. д-р Маја Кузмановска, а од 1 август оваа функција ја презеде проф. д-р Гордана Тасевска, овој извештај ќе даде осврт на двата периода и континуитетот во менаџирањето со институцијата.

Во првиот дел од извештајот ќе бидат претставени главните активности во областа на академскиот развој, вклучувајќи ја организацијата на наставата, наставните програми, наставниот кадар, проектните активности и меѓународната соработка. Дополнително, ќе биде анализирано административното работење, кое вклучува подобрување на интерните процеси, дигитализацијата, документацијата и комуникацијата со студентите.

Посебен фокус ќе биде ставен на финансиското работење, што опфаќа буџетирање, извори на финансирање, структурата и одржливоста на институцијата. Ќе биде направена проценка на тековните и идните финансиски предизвици, како и на можностите за подобрување на финансиската стабилност.

Извештајот исто така ќе ги опфати клучните предизвици со кои се соочуваше институцијата во овој период, преземените мерки за нивно надминување и планираните активности за понатамошно подобрување. Ќе бидат истакнати резултатите од спроведените промени и ќе се дадат препораки за идниот развој на БАС во согласност со стратегиските цели на институцијата.

Целта на извештајот е да даде јасна и транспарентна слика за управувањето со БАС во 2024 година, како и да постави основа за понатамошно подобрување и развој во следниот период.

## НАСТАВНА ДЕЈНОСТ/Реализирање и подобрување на квалитетот на наставата

Наставната дејност на Бизнис Академија Смилевски (БАС) е насочена кон обезбедување квалитетно, современо и практично образование во областа на бизнисот, менаџментот и маркетингот. Академијата постојано работи на унапредување на наставниот процес, со цел да ги подготви студентите за успешна кариера во динамичната деловна средина. Преку континуирани подобрувања, интеграција на практични активности и дигитални алатки, како и соработка со компании, БАС ја зајакнува својата образовна улога и ја прилагодува наставата кон потребите на современиот пазар. Следуваат клучните аспекти на наставниот процес во рамки на Академијата за 2024:

- Реализирани се измени во наставните програми за усогласување со современите трендови во бизнисот и менаџментот, вклучувајќи нови предмети.
- Наставата е збогатена со практични активности, студии на случај и симулации за подобро разбирање на теоретските концепти.
- Зголемена е соработката со компании каде студентите имаат можност за практична настава и директна примена на знаењето во реални деловни процеси.
- Воведени се дигитални алатки и платформи за следење на наставата, што овозможи поголема интерактивност и флексибилност за студентите.
- Направена е системска евалуација на наставниот процес преку анкети за студентите и анализа на нивниот напредок.
- Професорите се поттикнати кон постојана едукација, учество на семинари и развој на наставни методи што ги следат глобалните стандарди во високото образование.
- Наставата во БАС продолжува да се развива со фокус на практичност, иновација и академска извонредност.
- Беше организирана посета на час од страна на одговорното лице за настава во БАС со цел одржување на квалитетот и стилот на работење;
- Наставниците континуирано работаат на подобрување на урнеците за проектни извештаи .

## НАСТАВНА ДЕЈНОСТ/ Студиски програми

Во рамки на наставната дејност, Бизнис Академија Смилевски (БАС) посветено работи на развој и унапредување на студиските програми со цел да им овозможи на студентите современо и квалитетно образование, усогласено со барањата на пазарот на труд. Акредитираните програми обезбедуваат комбинација на теоретски знаења и практични вештини, при што се применуваат модерни наставни методи, дигитални алатки и интерактивен пристап во учењето.Со постојани анализи и евалуација, БАС се стреми кон подобрување и проширување на наставните содржини, овозможувајќи студентите да стекнат конкурентски компетенции во областа на бизнисот,

менаџментот и маркетингот. Подолу се наведени тековните активности за овој дел од извештајот за периодот на календарската 2024 год. :

- Реализација на акредитирани студиски програми во согласност со националните и европските образовни стандарди.
- Спроведување на додипломски студии по Бизнис менаџмент и Маркетинг менаџмент.
- Реализација на последипломски студии по Стратегиски менаџмент на човечки ресурси.
- Подготовка и предавање  нови студиски програми/елаборати во согласност со потребите на пазарот на труд, на ДДС – Менаџмент на квалитет и ПДС – Стратегиски менаџмент на човечки ресурси
- Приспособување на програмите со фокус на практична примена и стекнување релевантни вештини.
- Континуирана ревизија и ажурирање на наставните содржини според најновите трендови во образованието и индустријата.
- Инкорпорирање на нови наставни методи, дигитални платформи и интерактивни алатки за подобро искуство на студентите.
- Обезбедување изборни предмети за поголема флексибилност и прилагодување на индивидуалните интереси на студентите.
- Поттикнување на интердисциплинарен пристап во наставните програми за развој на поширок спектар на знаења и компетенции.

## НАСТАВНА ДЕЈНОСТ - Практична настава

Во рамките на наставната дејност, посебен акцент беше ставен на практичната настава, која претставува клучен елемент во образовниот процес на Високата стручна школа за менаџмент. Во текот на извештајниот период, беше реализирана практична настава согласно наставните планови и програми, со цел да се обезбеди применливост на стекнатите теоретски знаења во реални работни услови.За подобрување на квалитетот на практичната настава:

- Беше остварена соработка со повеќе компании, институции и организации, каде што студентите имаа можност директно да се вклучат во работните процеси.
- Се следеше и евалуираше реализацијата на практичната настава преку извештаи од студентите и менторите од компаниите.
- Беа организирани посети на компании и гостински предавања од практичари со цел подобра подготовка на студентите за идните професионални предизвици.
- Се разгледуваат можности за унапредување и дигитализација на процесот на практична настава.

Преку наведените активности, практичната настава значително придонесе за професионалниот развој на студентите и нивната подготвеност за вклучување на пазарот на труд.

Практичната настава на двете локации се одвиваше без поголеми проблеми. Програмата ПН 1 и бизнис лабораториските вежби се одвиваа со физичко присуство во просториите на БАС според предвидената програма. Програмите ПН 2 и ПН 3 се одвиваа со теренски посети на партнерсите организации.

Партнерски организации во кои се одвиваше практичната настава во 2024 година беа:

- БАС
- Сметководствено биро Алгоритам, Битола
- Де-ни мебел, Прилеп
- Регионална стопанска комора, Битола
- Синпекс, Битола
- Дани консалтинг, Битола
- Тера ТВ, Битола
- Автокомплекс Пржо,Битола
- Фустеларко Борец, Битола
- Боди М, Битола
- Унимарбле, Прилеп
- МАККОМ, Прилеп
- Бинтерн, Битола
- Евро Стил, Битола
- УНИ МАРБЛЕ, Прилеп
- Маркард Македонија, Велес
- Колекта НП, Скопје
- Виднет солушнс, Скопје
- Аитоникс, Скопје
- Јоопоне, Велес
- Кајгана медиа, Скопје
- Карго партнер, Скопје
- Сигма СБ компјутери, Скопје
- Макстил, Скопје
- Спортлајф обложувалници, Скопје
- Еуроимпекс, Скопје

Во текот на 2024година беше збогатена листата на ПО со некои нови ПО и тоа:

- Фабрика за производство и рециклажа на пластични водоводни цевки ТЕА АНДРЕА, Прилеп
- Виднет солушнс, Скопје
- Карго-партнер логистикс, Скопје

Практичната настава за вонредни студенти се одвиваше преку навремено доставени задачи практична настава.

## СТУДЕНТИ/Број на запишани студенти на прв и втор циклус на студии Дипломирани студенти на прв и втор циклус на студии

Во текот на календарската 2024 год, БАС продолжи со успешна реализација на наставниот процес на прв и втор циклус на студии, привлекувајќи нови студенти и поддржувајќи ги постојните во завршување на своето образование.

За студиската 2024/2025 година, согласно студиските програми, БАС во конкурсот имаше предвидено 85 слободни места за запишување на студиската програма по Бизнис менаџмент на прв циклус на студии, 85 слободни места за запишување на студиската програма по Маркетинг менаџмент на прв циклус на студии и 42 слободни места за запишување на студиската програма по Стратегиски менаџмент на човечки ресурси на втор циклус на студии.

- Пополнета е квотата на студиската програма по Бизнис менаџмент на прв циклус на студии 85 студенти и пополнета е квотата на втор циклус на студии 42 студенти. На студиската програма по Маркетинг менаџмент се запишаа 34 студенти. Вкупно студенти запишани на додипломските студии на двете студиски програми Бизнис менаџмент и Маркетинг менаџмент се 119 студенти.
- Во рамките на студиската програма на прв циклус на студии активно се вклучија учесници на програмите за стручно и професионално усовршување и стручно образование пократко од три години кои ги реализираат програмите заедно со вонредните студенти.
- Зголемениот интерес се должи на поголемите вложувања во промотивни и продажни активности.

Во календарската 2024 година на БАС на прв циклус на студии, дипломирани се вкупно 69 (шеесет и девет) студенти на студиската програма по Бизнис менаџмент, а 14 (четиринаесет) студенти на втор циклус на студии на студиската програма по Стратегиски менаџмент.

## СТУДЕНТИ /Еразмус+/соработки

Во рамките на својата меѓународна ориентација, БАС активно учествуваше во програмата **Еразмус+**, како и во различни форми на академска соработка со високообразовни институции и компании од регионот и пошироко. Преку овие партнерства, студентите имаа можност за академска мобилност, практична настава во меѓународни компании, размена на искуства и стекнување на вештини што придонесоа за нивната конкурентност на глобалниот пазар на труд.

Соработките со партнерските институции и организации овозможија:

- Размена на студенти и наставен кадар во рамки на **Еразмус+** програмата,
- Учество во меѓународни истражувачки проекти и конференции,
- Вмрежување со професионалци од различни индустрии,
- Пристап до современи образовни методологии и практики.

Во рамките на својата меѓународна ориентација, БАС активно учествуваше во програмата Еразмус+, како и во различни форми на академска соработка со високообразовни институции и компании од регионот и пошироко. Преку овие партнерства, студентите имаа можност за академска мобилност, практична настава во меѓународни компании, размена на искуства и стекнување на вештини што придонесоа за нивната конкурентност на глобалниот пазар на труд.

Соработките со партнерските институции и организации овозможија:

- Размена на студенти и наставен кадар во рамки на Еразмус+ програмата,
- Учество во меѓународни истражувачки проекти и конференции,
- Вмрежување со професионалци од различни индустрии,
- Пристап до современи образовни методологии и практики.

Во текот на 2024 година, беа реализирани неколку значајни активности на полето на Еразмус+ програмата.

Од outgoing мобилностите се реализираа: 5 мобилности за кадар кај партнерите:

- Универзитет во Ново Место, Ново место, Словенија, во месец 05/2024
- Факултет за деловни студии и право Белград, Србија, во месец 07/2024
- Од incoming мобилности имавме посета од партнерите
- Факултет за применета наука „Запрешиќ" од Запрешиќ, Хрватска во месец 09/2024

Во текот на 2024 беше реализиран проект согласно поднесена една апликација и тоа:

- КА210 VET small scale partnership со Факултетот за деловни студии и право, Белград.

Во подготовка за 2025 се следниве апликации

- КА210-ВЕТ заедно со две невладини организации и нашите партнери од Србија, ФПСП Белград.
- КА131 – мобилност на кадар и студенти

## СТУДЕНТИ - Кариерен центар

Кариерниот центар на БАС одигра значајна улога во поддршката на студентите во нивниот професионален развој и подготовка за пазарот на труд. Центарот активно организираше и спроведуваше различни активности со цел да им помогне на студентите во насочувањето на нивните кариери, развојот на практични вештини и воспоставувањето контакти со потенцијални работодавачи.

Клучните активности во Програмата на  Кариерниот центар кои беа паткоз или основа на активностите беа:

- Организирање работилници и обуки за развој на професионални вештини,
- Остварување соработка со компании и институции за обезбедување практикантски програми,
- Советување на студентите за кариера, вработување и професионален развој,

- Организирање кариерни настани и саеми за вработување,
- Поддршка при изработка на CV и подготовка за интервјуа за работа.

Преку овие активности, Кариерниот центар значително придонесе за олеснување на транзицијата од академската средина кон професионалниот свет, помагајќи им на студентите да ги идентификуваат и искористат своите потенцијали.

Од предвиденото еве ги реализираните активности:

- Организирано делење ружи за одбележување на “8ми Март”. Студентите од БАС со големо внимание, посветено и одговорно ја посетија партнерската организација Фустеларко борец од Битола и со многу љубов и цвеќе ги израдуваа сите жени во оваа компанија. Вниманието и љубовта продолжи на Широк Сокак во Битола која беше втората дестинација на студенти од БАС каде подарија цвеќе и им посакаа искрени желби за многу здравје, успех, љубов и радост.
- Активно учество во дводневната обука “Младите жени и девојки вклучени во заедницата” Обуката беше поддржана од страна на европската унија на која им беа претставени сите можности, повици и активности во кои можат да се вкучат сите млади жени и девојки од 18-29 годишна возраст.
- Активно учество во осмислувањето, реализацијата и самиот настан “8ми Април Светскиот ден на Ромите” кој се одбележа со настан насловен „Ткаење нишки на вклучување низ таписедијата на уметноста и културата“. Кариерниот центар на БАС зеде активно учество во реализацијата на овој настан каде студентките на БАС ги носеа креациите дизајнирани од учениците од текстилната струка при СОУ: “Таки Даскало” – Битола
- Во рамките на Кариерниот центар студентите на БАС исто учествуваа и во “Креативна работилница” каде активно учество зедоа сите средни училишта и дел до високообразовните установи. На самата работилница беа пезентирани како главни двигатели претприемаштвото, осовременување на наставните програми и посебен акцент беше ставен на екосвесноста.
- Учество во дводневна обука “Школа за дигитална писменост”. Студентите на БАС преку оваа работилница имаа можност да ги проучат алатките за пребарување и резервација на книги преку COBISS.MK и Mcobiss, користење на Google Workspace за комуникација и колаборација, приватност и безбедност на интеренет, управување со лозинки и заштита од сајбер напади, виртуелна реалност и графички дизајн со canva и исто така имаа еден краток вовед во вештачката интелегенција и користење на AI алатки.

- Организирано предевање за одбележување на 10ти декември “Меѓународниот ден на човековите права”во соработка со др. Сашо Кочанковски докториран психолог и Гешталт терапевт со наслов “Слобода, еднаквост и правда за сите!” На оваа интерактивна работицница студентите имаа можност да научат многу нови работи, да ги искажат своите ставови преку интерактивни игри и да добијат заклучок што во суштина претставуваат човековите права кои самите ги

имаат и каде истите треба да ги побараат доколку почувствуваат дека истите им се нарушени.

- Преку Бизнис лабараторија студентите имаа можност со стекнатите знаења од спроведените обуки за дигитална сиромаштија и школата која ја посетуваа да изработат постери за нашите традиционални новогодишни акции кои беа спроведени.
- Осмислена и спроведена новогодишна акција под слоганот “Make someone’s dream come true” каде беа собрани повеќе од 30 новогодишни пакетчиња кои студентите од кариерниот центар ги подготвуваа и беа поделени на учениците од Основното училиште со ресурсен центар “Кочо Рацин” - Битола.

## НАСТАВЕН И АДМИНИСТРАТИВЕН КАДАР

- **Професионално усовршување/обуки/работилници**
- **Објавени научни, стручни трудови, трудови со импакт фактор и публикации**

Во извештајниот период, наставниот и административниот кадар на Високата стручна школа за менаџмент активно придонесуваше кон унапредување на наставниот процес и административното функционирање на институцијата. Континуираното професионално усовршување и научно-истражувачката активност беа клучни аспекти во развојот на кадарот, со цел одржување на високите академски стандарди и подобрување на квалитетот на образованието.

Во оваа насока, наставниот кадар учествуваше во различни **обуки, работилници и програми за професионален развој**, насочени кон модернизација на наставните методи, интеграција на дигитални алатки во наставата и унапредување на стручните компетенции.

Дополнително, значаен фокус беше ставен на **научно-истражувачката дејност**, при што професорите и истражувачите активно објавуваа научни и стручни трудови во релевантни домашни и меѓународни списанија, вклучително и трудови со импакт фактор и други публикации. Оваа активност придонесе кон академската афирмација на институцијата и нејзиното позиционирање во пошироката научна заедница.

Во текот на 2024 година, наставниот кадар на БАС објавил вкупно:

- 5 на научни конференција
- 1 труд во меѓународно списание

## НАСТАВЕН И АДМИНИСТРАТИВЕН КАДАР - Развивање на меѓусебна соработка и јакнење на тимскиот дух

Во извештајниот период, посебно внимание беше посветено на развивањето на **меѓусебната соработка и јакнењето на тимскиот дух** меѓу наставниот и административниот кадар. Со цел да се обезбеди ефективно функционирање на

институцијата и подобрување на работната атмосфера, беа спроведени различни активности насочени кон градење на колегијални односи, поттикнување на конструктивна комуникација и зајакнување на тимската работа.

Во оваа насока, беа организирани:

- Работни состаноци и тимски сесии за подобрување на координацијата и споделување на искуства,
- Тим-билдинг активности за јакнење на меѓусебната доверба и мотивација,
- Стручни дискусии и заеднички иницијативи за унапредување на наставниот и административниот процес.

Овие активности придонесоа за зголемување на продуктивноста, подобрување на професионалната комуникација и создавање на поттикнувачка работна средина во која кадарот заеднички работеше на постигнување на институционалните цели. Заедничките дружења беа оранизирани:

- традиционално по повод 8 ми март.
- во рамките на меѓународна конференција во почетокот на ноември во БАС во Битола и Хотел ресторан Вила Виста.
- Вработените на БАС реализира вакти активности и преку соработката на проектот GEMS кој е дел од програмата ИПА - прегугранична соработка со Р.Грција.
- Традиционално по повод новогодишните празници се организираше заедничко дружење по локации Скопје и Битола.
- по повод празникот Василица и оваа година се организираше кршење на лепче со паричка, а настанот се реализираше физички во БАС Битола и преку видеоконференциска врска со колегите од Скопје.

## БРЕНДИРАЊЕ И ПРОМОТИВНА КАМПАЊА
## Промотивна и продажна кампања, Промотивни и други настани

Во периодот на календарската 2024 год, БАС спроведе **стратегиска промотивна и продажна кампања**, насочена кон зголемување на видливоста на институцијата, привлекување нови студенти и зајакнување на нејзиниот имиџ во академската и бизнис-заедницата. Кампањата беше реализирана преку различни комуникациски канали, вклучувајќи дигитални медиуми, традиционални маркетинг алатки и директни промотивни активности.

**Промотивна и продажна кампања**

- Активно користење на социјални мрежи, веб-страница и други дигитални платформи за информирање на потенцијалните студенти,
- Дизајнирање и дистрибуција на промотивни материјали (флаери, брошури, видеа и постери),
- Кампањи преку медиуми и партнерства со релевантни организации за зголемување на опфатот на комуникацијата,

- Персонализиран пристап преку инфо-денови, советувања и директна комуникација со идните студенти.

**Промотивни и други настани**

- Организација на **отворени денови**, каде заинтересираните кандидати имаа можност да се запознаат со студиските програми, наставниот кадар и инфраструктурата на училиштето,
- Одржување на **панел-дискусии, вебинари и тематски предавања**, насочени кон истакнување на предностите на програмите и можностите за кариера по завршување на студиите,
- Вклучување на **алумни студенти и успешни професионалци** во промотивните активности, со цел да се прикаже реалниот импакт на образованието во нивниот професионален развој.

Со овие активности, институцијата успеа да ја зајакне својата позиција на образовниот пазар, да ја зголеми заинтересираноста за студиските програми и да воспостави поблиска комуникација со потенцијалните студенти и партнерски организации.

Активностите што следуваат поконкретно ја отсликуваат сликата од погоре изнесеното. Во текот на 2024 година беа реализирани значителен број на промотивни активности кои резултираа со 100% исполнување на уписните квоти на студиската програма Бизнис менаџмент и Стратегиски менаџмент на човечки ресурси и околу 70% исполнување на уписните квоти на студиската програма Маркетинг менаџмент предвидени со конкурсот за уписи. За реализација на оваа цел се преземаа низа активности:

- Кампања за ран упис на редовни студенти
- Кампања за ран упис на вонредни студенти
- Изработка на репрезентативен материјал (флаери, тефтери и украсни ќеси)
- Телевизиски гостувања
- Натпревар за стипендии
- Giveaway кампањи
- Кампањи за промоција на студии на далечина и трансфер на студенти
- Кампања на упис на редовни студенти со 5,00 успех
- Хуманитарни акции во рамките на Кариерниот центар на БАС
- Реализирање на проект во рамките на Еразмус плус/потпишан меморандум за соработка со СЕУГС Басил Антевски дрен
- Караван – Презентации на БАС по средните училишта низ цела Македонија
- Посета на ПО Фустеларко борец од Битола по повод 8ми март-денот на жената
- Организиран караван по повод 8ми март на двете локации (Скопје / Битола)
- Соработка со BW2CLUB – женска дигитална платформа
- Creating the future project managers – Еразмус плус проект
- Покровител на меѓународниот ден на Ромите одржан во Битола-„Траење нишки на вклучување низ таписеријата на уметноста и културата“

- Посета на врвни менаџери и одржани едукативни предавања на теми поврзани со менаџментот и маркетингот
- Поддршка на конференцијата „Родителство на 21ви век
- Објавени интервјуа на Марили бизнис порталот
- Покровители на третиот регионален „Марили бизнис форум“
- Склучени нови соработки со партнерски орханизации
- Учество на трибина „Одржлива иднина со зелени иновации-важноста на креирање иновативни образовни центри за развивање на зелени инвовациски вештини“
- Промовирање на 14тата генерација на дипломанти на БАС
- Поддршка на завршна претстава организирана од страна на балетско студиот Ребис/почесна награда на БАС како организација за општествена одговорност
- Учество на јавна дебата „Приватни наспроти државни универзитети“
- Прослава на независност на САД – гости претставници од БАС
- Посета на странски универзитети
- Научна конференција на БАС – Образованието и бизнисот во глобалните мегатрендови
- Покровители на Бела ноќ и Фестивал на староградска музика/Битола
- Учество на конференцијата: Audit> the future is now
- Организатори на конференцијата: Транзиција кон индустрија 5.0/модератот: Ѓерѓ Хорват
- Јавна расправа: Родова еднаквост на жените од руралните средини
- Ден на вооружени сили на република Словачка/делагација на БАС
- Организирање на хуманитарни акции
- Учество на спортскиот самит: Today’s sport
- Тркалезна маса: Науката кај нас
- Формирање на алијанса за брендирање на природна, здрава и вкусна храна во пелагонискиот регион
- Панел дискусија: Како жените си подаваат рака во бизнисот

**КОНФЕРЕНЦИЈА**

На 30 ти октомври и 1 – ви ноември 2024 година во Битола, се одржа осмата Меѓународна научна конференција „Современите менаџерски предизвици и организациските науки“ со предметен фокус: Образованието и бизнисот во глобалните мегатрендови. Организатори на оваа конференција беа БАС Институтот за менаџмент Битола, Бизнис академија Смилевски – БАС Скопје и Универзитетот на Западна Македонија од Кожани, Р. Грција.
На свеченото отварање на конференцијата свое обраќање имаа: проф. д-р Лидија Стефановска, заменик директор на БАС и претседател на организациски одбор, проф. д-р Цветко Смилевски, претседател на програмскиот одбор и проф. д-р Гордана Тасевска, директор на БАС, како и претставникот од Р. Грција Николаос Шарисиу.

Во пленарниот дел на конференцијата беа презентирни следните трудови:
1. Цветко Смилевски: Транзиција кон зелена економија, бизнис, образование и општество – забрзување или забавување - Институт за менаџмент БАС, Битола, Република Северна Македонија;
2. Џерџ Хорват; Индустрија 5.0: Искористување на синергијата помеѓу човечките компетенции и технологијата за да се одржи конкурентноста - Фраунхофер Институт ISI, Карлсруе, Германија;
3. Питер Одри: Идната улога на вештачката интелигенција во бизнисот и менаџментот - Универзитет Дунаујварош, Унгарија;
4. Мерсел Биљали: Системот за образование и заслуги во светските трендови - Универзитет ФОН, Скопје, Р. Северна Македонија;
5. Николаос Шарисиу Критичната улога на Универзитетот на Западна Македонија за време на енергетската транзиција на регионот, Универзитет на Западна Македонија, Катедра за хемиско инженерство, Грција.

На конференцијата беа пријавени вкупно 42 трудови поделени во четири тематски области, со учесници од Р. С. Македонија, Србија, Германија, Унгарија, Косово. Во делот на претконференциски активности беше одржана работилница од проф. Џерџ Хорват, на тема: Транзиција од индустрија 4.0, кон индустрија 5.0. Работилницата се одржа во Скопје.

**ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДИПЛОМИ**

Во извештајниот период, Високата стручна школа за менаџмент организираше свечена церемонија за доделување на дипломи на дипломираните студенти од првиот и вториот циклус на студии. Настанот претставуваше значаен момент за студентите, нивните семејства и наставниот кадар, одбележувајќи го успешното завршување на академското образование и нивниот премин во професионалниот свет.
Место на одржување на настанот: Офицерски дом Битола
Време на одржување на настанот: мај 2024 година
Цел на настанот: Свечено доделување на дипломите за 2023 год, промоција на БАС
Тим на за организирање на настанот: Сите постојано вработени наставници и академската служба на БАС.
Главен менаџер за организирање на настанот: проф. д-р Гордана Тасевска
Тек на настанот:
Пред настанот: Настанот се организираше 12 месеци. Административната служба даде податок на дипломанити кои ги завршија своите студии на прв и втор циклус на заклучно со 31.12.2023 Финансискиот буџет беше определен според финансискиот план на БАС.
За време на настанот: Текот на настанот се настанот се одвиваше според сценариото и програмата. Прв на настанот се обрато Директорот на Академијата. Се доделија дипломите на завршените дипломанти. На настанот се обрати и претставник на

студентите. Исто така на истиот се обрати и Заменик директорот во име на наставниот кадар на БАС. На настанот беа доделени и посебни признанија на:
- студенти кои се најдоа на директорската листа од првиот циклус на студии
- студенти кои се најдоа на директорската листа од вториот циклус на студии
- доделени се благодарници на партнерски организации
По настанот: Направена е ревизија во однос на искористениот финансиски буџет за настанот.

**ПРВ АКАДЕМСКИ ЧАС**

Оваа година првиот академски час за студентите на прв циклус на студии се одржа со физичко присуство на двете локации Скопје/Битола одделно. На настанот учествуваа сите запишани студенти, наставниот и административниот кадар на БАС. Пред студентите беше презентирани студиските програма, начинот на работење во зимскиот семестар, календарот на активности, информации за пракса како и административни обврски на студентите.

Првиот академски час за студентите на втор циклус на студии се одржа исто така со физичко присуство на двете локации. И на овој настан со студентите беа споделени сите информации кои се неопходни пред почетокот на академската година.

## Компјутерска опрема и ИТ структура

Во компјутерската опрема и ИТ структурата во текот на 2024 година не се забележани значителни вложувања или измени освен тековно одржување на постоечката опрема. Забележано е значително зајакнување на употребата на софтверот „Кластер“ Набавени се лицени за MS365 office.

Се забележува несоодветна употреба на компјутерската опрема (не исклучување на опремата по завршување на користење – кадар и компјутерски лаборатории). Сеуште не е решен проблемот со мрежното поврзување во Битола.

## Наставнички совет

Во текот на 2024 година одржани се 19 седница на НС, од кои 15 редовни седници и 4 вонредни седници

## Инспекциски надзор

Во текот на 2024 година направени се 3 инспекциски надзори.

1. Редовен инспекциски надзор од страна на Државен просветен инспекторат за водење на матични и главни книги на прв и втор циклус на студии, Врз основа на увидот констатирано е дека БАС нема неправилности во работењето и предметот се затвора.

2. Редовен инспекциски надзор од страна на Државен просветен инспекторат за следење на состојбата на високообразовните установи за поседување на решенија за акредитација на студиски програми и решенија за почеток со работа на студиски програми сочласно член 48, 69 и 145 од Законот за високо образование. Врз основа на направениот увид, констатирано е дека не се утврдени никакви неправилности во работењето.

## Финансиски преглед

Финансиската состојба во текот на 2024 година беше стабилна, а за тоа беа преземени следните чекори:

- Запишување на студенти на сите студиски програми со поголема просечна школарина.
- Установена процедура за наплаќање на долгови на студентите и редовна евиденција според договорите на школување;
- Продолжување со активирање на старите студенти на прв и втор циклус на студии и комплетирање на нивните школарини;
- Исплата на средствата од ИПА проектот со Р.Грција: Стимулирање на зелени вработувања GEMS.
- Вклучени поголем број на лица на програмите за стручно образование пократко од три години (курсисти) и студенти на далечина;
- Намалени трошоци по неколку основи;
- Поддржани беа маркетинг активности, инвестирање во животно осигурување, исплатени сите обврски кон надворешните добавувачи, исплатен регрес на вработените.

Оваа 2025 година се очекува поголем прилив на финансиски средства од: школарините на студентите и ново аплицираните проекти од Групацијата.

## Неостварени цели и активности

1. Развој на нови академски програми
2. Подобрување на инфраструктурата за онлајн настава
3. Интерна ревизија на наставната и административната работа
4. Промоција на нови партнерства со странски институции
5. Активности за развој на Алумни организацијата

**Директор на БАС**

**Проф. д-р Гордана Тасевска**